# Службен весник на Република Македонија

**Број 5** **11 јануари 2019, петок** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 44. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности........................................ | 4 |
| 45. | **Одлука** за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2017 до 31.12.2017 година.................................................... | 4 |
| 46. | **Одлука** за одобрување на Годишниот финансиски извештај со Завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работата за 2017 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - Скопје................. | 4 |
| 47. | **Одлука** за распределба на добивката по Годишната сметка за 2017 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - Скопје............................................ | 4 |
| 48. | **Одлука** за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година....... | 5 |
| 49. | **Одлука** за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2019 година............. | 5 |
| 50. | **Одлука** за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино................................................ | 5 |

Стр.

51. **Одлука** за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности............. 6
52. **Одлука** за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност............................................... 6
53. **Одлука** за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи........ 6
54. **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2019 година.......... 7
55. **Одлука** за давање согласност на Годишна инвестициона програма за 2019 година на јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.... 7
56. **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2019 година.......... 7
57. **Одлука** за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2019-2021 година и Финансиската програма за 2019 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје............................... 7
58. **Одлука** за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО БЕРЗА Скопје за 2019 година.................................................... 7
59. **Одлука** за давање на согласност на Годишната инвестициона програма за 2019 година на ЈПВ Лисиче - Велес...................................................... 8
60. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип за 2019 година...................... 8

Стр.

61. **Одлука** за давање согласност на Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година.................... 8
62. **Одлука** за давање согласност на финансискиот план на Централен регистар на Република Македонија за 2019 година................................... 8
63. **Одлука** за одобрување на Годишниот финансиски план за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - Скопје............................................. 9
64. **Одлука** за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - Скопје............................................. 9
65. **Одлука** за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2019 година........................................ 9
66. **Одлука** за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2019 година........................................ 9
67. **Одкука** за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата.............. 9
68. **Одлука** за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година............................................. 10
69. **Одлука** за одобрување на Годишниот план за работа за 2019 година на Агенција за храна и ветеринарство.................................................... 10
70. **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн........................... 10
71. **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола.......................................... 10

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 72. | **Одлука** за давање согласност за именување на Почесен конзул на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола................................................ | 11 |
| 73. | **Одлука** за формирање на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност.............................................. | 11 |
| 74. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн.......................... | 12 |
| 75. | **Програма** за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година.................................................. | 12 |
| 76. | **Програма** за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2019 година......................... | 15 |
| 77. | **Програма** за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година................... | 17 |
| 78. | **Програма** за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2019 година.................................................. | 19 |
| 79. | **Програма** за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2019 година.......................... | 20 |
| 80. | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите за период од 2016 до 2020 година.................................. | 22 |
| 81. | **Проограма** за финансирање на проекти од областа на дијаспората за 2019 година.................................. | 26 |
| 82. | **Програма** за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2019 година........................... | 26 |
| 83. | **Програма** за инвестиции во животната средина за 2019 година............ | 37 |
| 84. | **Годишна програма** за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2019 година.............. | 37 |
| 85. | **Програма** за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2019 година.............. | 40 |
| 86. | **Програма** за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2019 година.............. | 41 |
| 87. | **Програма** за научно-истражувачката дејност за 2019 година............. | 50 |
| 88. | **Програма** за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2019 година.................................. | 55 |
| 89. | **Програма** за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година.......................... | 57 |
| 90. | **Програма** за инвестирање во животната средина за 2019 година....... | 60 |
| 91. | **Програма** за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2019 година....................................... | 61 |
| 92. | **Програма** за управување со водите за 2019 година.................................. | 67 |
| 93. | **Програма** за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2019 година............................................ | 70 |
| 94. | **Годишна програма** за финансирање на железничката инфраструктура за 2019 година............................. | 72 |
| 95. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на потврдата со бројот на освоени поени на приемниот испит за запишување на Математичко - информатичката гимназија...................................... | 75 |
| 96. | **Правилник** за образецот на барањето за доделување стипендија за ученици во Математичко-информатичката гимназија............................ | 77 |
| 97. | **Правилник** за начинот и поблиските критериуми за доделување на месечна стипендија на учениците во Математичко-информатичката гимназија.......................................... | 79 |
| 98. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец декември 2018 година............................................... | 79 |
| 99. | **Објава** за движењето на индексот на трошоците на животот во Република Македонија............................. | 79 |
| | **Огласен дел**.................................... | 1-32 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**44.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар која се наоѓа на КП.бр.8269, КО Битола 4, ул.„Дебарца“ бр.3 Битола и тоа:

- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат – К01, намена на посебен дел ДП, бр.1 со внатрешна површина од 34 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1925/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**45.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Македонија во својство на Собрание на Акционерското друштво, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД 1.1.2017 ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот извештај за работењето на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2017 до 31.12.2017 година, усвоен со Одлука бр. 0202-1208 од 29.3.2018 година на Одборот на директори на ова акционерско друштво, на седницата, одржана на 29.3.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-5243/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**46.**

Врз основа на член 60-г став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД – Скопје, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ СО ЗАВРШНАТА СМЕТКА, РЕВИЗОРСКИОТ ИЗВЕШТАЈ И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ЗА 2017 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се одобрува Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, бр. 02-474/3 од 14.3.2018 година, Ревизорскиот извештај бр. 02-984/3 од 18.5.2018 година и Годишниот извештај за работата за 2017 година, бр. 02-984/4 од 18.5.2018 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - Скопје, донесени од Управниот одбор на ова акционерско друштво, на седниците, одржани на 14.3.2018 година и 18.5.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-5618/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**47.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 2 и член 483 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД – Скопје, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2017 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се распределуваат средствата остварени како добивка од Годишната сметка за 2017 година во износ од 144.786.333,61 денари, утврдени во Годишниот финансиски извештај со Завршната сметка бр.02-474/3 од 14.3.2018 година и Ревизорскиот извештај бр. 02-984/3 од 18.5.2018 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД – Скопје, усвоени од Управниот одбор, на седниците одржани на 14.3.2018 година и 18.5.2018 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распределуваат на следниот начин:

- Добивка пред оданочување.......164.495.144,61 денари,
- Данок на добивка................19.708.811,00 денари,
- Нето добивка (по оданочување)...144.786.333,61 денари,
- 5% од нето добивката се распоредува во задолжителниот општ резервен фонд ..................7.239.316,68 денари и
- за зголемување на основната главнина на Друштвото........................................137.547.016,93 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5618/2-18<br>8 јануари 2019 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>**Зоран Заев,** с.р. |

---

**48.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната сметка на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година, усвоена од Одборот на директори на ова акционерско друштво, со Одлука бр. 0202-1037 од 14.3.2018 година на седницата одржана на 14.3.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5805/1-18<br>8 јануари 2019 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>**Зоран Заев,** с.р. |

---

**49.**

Врз основа на член 70 од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/15, 231/15, 11/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-9908/1-18<br>8 јануари 2019 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>**Зоран Заев,** с.р. |

---

**50.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија", бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15,6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ЗА РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ТЕЦ НЕГОТИНО, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, НЕГОТИНО**

1. Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ

Неготино во државна сопственост, Неготино, се избира Друштвото за ревизија АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка бр.25/2018 со прибирање понуди со електронска аукција за вршење на финансиска ревизија на Годишната сметка за 2018 година согласно Одлуката за избор на најповолна понуда за јавна набавка бр.11-915/1 од 24.12.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10727/1-18 Претседател на Владата
8 јануари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**51.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/20, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП.бр.2245 КО Валандово (г.р.) на ул.„4-ти Јули„ б.б.Валандово и тоа:

- зграда 1, намена на зграда Б4 -3, влез 1, кат 1, бр.1, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 53 м2,
- зграда 1, намена на зграда Б4 -3, влез 1, кат 1, бр.1, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 3 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10912/1-18 Претседател на Владата
8 јануари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**52.**

Врз основа на член 19 точка 5 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЛЕГУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА СТРАНСКИ ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ**

1. Се одобрува влегување и престој на 120 (сто и дваесет) припадници на КФОР стационирани во Република Косово, со возила, вооружување, материјално-технички средства и опрема, на територијата на Република Македонија, заради изведување на вежбовна активност-реализација на гаѓања и заедничка обука со припадниците на Армијата на Република Македонија, кое ќе се изврши на Армискиот полигон Криволак, во периодот од 1-31 март 2019 година.

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана и дневници на припадниците на КФОР, ги обезбедуваат Вооружените сили на Соединетите Американски Држави. Потребните капацитети на Армијата на Република Македонија за изведување на вежбовната активност ги обезбедува Министерството за одбрана, без надоместок.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10991/1-18 Претседател на Владата
8 јануари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**53.**

Врз основа на член 29 став (4), член 44 став (4) точки 5) и 9), член 63 став (4), член 69 став (4) точка 1) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ХИГИЕНА И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ КОНТРОЛИ НА МЛЕКОТО И МЛЕЧНИТЕ ПРОИЗВОДИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи, бр. 02-3581/3 од 20.11.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11025/1-18 Претседател на Владата
8 јануари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**54.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2019 година, бр.02-3031/1 од 12.12.2018 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.12.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11076/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**55.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишна инвестициона програма за 2019 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта бр.02-10/5 од 3.1.2019 година, усвоена со Одлука на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, на седницата, одржана на 3.1.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11098/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**56.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2019 година, бр.02-799/3 од 13.12.2018 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие на седницата, одржана на 13.12.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11110/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**57.**

Врз основа на член 7 став (4) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија", бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА И ФИНАНСИСКАТА ПРОГРАМА ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Инвестиционата програма за период 2019-2021 година и Финансиската програма за 2019 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје, кои се составен дел на Бизнис планот за 2019 година, донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје бр.0201-33/2 од 3.1.2019 година, на седницата, одржана на 3.1.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11112/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**58.**

Врз основа на член 19 од Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/92, 83/92 и 139/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржанана 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЕРЗАНСКО РАБОТЕЊЕ АГРО БЕРЗА СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО БЕРЗА Скопје за 2019 година бр.0501-8/1 година од 4.1.2019 година, усвоен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 4.1.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11134/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**59.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈПВ ЛИСИЧЕ - ВЕЛЕС**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма за 2019 година на ЈПВ Лисиче – Велес, број 02-522/4 од 28.12.2018 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 28.12.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11180/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**60.**

Врз основа на член 11 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХИДРОСИСТЕМ „ЗЛЕТОВИЦА“ – ПРОБИШТИП ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип за 2019 година бр.02-903/25 од 12.12.2018 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 12.12.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11182/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**61.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година бр. 02-13176/7 од 13.12.2018 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седница, одржана на 13.12.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11186/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**62.**

Врз основа на член 26, став 4 од Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈАЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Македонија за 2019 година, број 0201-3/67 од 17.12.2018 година, донесен од Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, на седницата одржана на 16.12.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11209/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**63.**

Врз основа на член 60-г став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“, бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2019 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се одобрува Годишниот финансиски план за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - Скопје, донесен од Управниот одбор на М-НАВ АД – Скопје, бр.02-2260/2 од 7.12.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11283/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**64.**

Врз основа на член 60-г став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА ЗА 2019 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се одобрува Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - Скопје, донесена од Управниот одбор на М-НАВ АД - Скопје, бр.02-2260/3 од 7.12.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11284/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**65.**

Врз основа на член 68 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16 и 198/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11362/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**66.**

Врз основа на член 128-а од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16 и 198/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11363/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**67.**

Врз основа на член 31-а од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ И ВРЕДНОСТА НА КОЕФИЦИЕНТОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДИРЕКТОРИТЕ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата бр. 52-13900/1 од 10.12.2018 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11494/1-18 | Заменик на претседателот |
| 8 јануари 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**68.**
Врз основа на член 15 став 3 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/00, 29/02, 43/02, 49/03, 81/08, 158/10, 43/14, 15/15, 153/15, 27/16 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1
Со оваа одлука се потврдува Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, УО.бр.02-392 од 20.12.2018 година, усвоен од Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на седницата, одржана на 20.12.2018 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11496/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**69.**
Врз основа на член 20 став (2) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2019 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Член 1
Со оваа одлука се одобрува Годишниот план за работа за 2019 година на Агенција за храна и ветеринарство, бр. 02-4082/1 од 19.12.2018 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11597/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**70.**
Врз основа на член 7 алинеја 11 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ЛУЦЕРН**

Член 1
Република Македонија отвора Почесен конзулат во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн.

Член 2
Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11632/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**71.**
Врз основа на член 86 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА**

Член 1
Република Албанија отвора Почесен конзулат во Република Македонија, со седиште во Битола.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11634/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**72.**

Врз основа на член 93 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА**

Член 1

Се дава согласност Имер Селмани да се именува за Почесен конзул на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11636/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**73.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 153/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ И САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ**

Член 1

Со оваа одлука се формира Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност (во натамошниот текст: Советот), заради изготвување и следење на имплементација на национална долгорочна ИКТ стратегија, следење и координирање на Националната стратегија за сајбер безбедност и на други стратешки документи поврзани со овие области, како и давање на мислења по технички спецификации на тендерските документации на институциите од јавниот сектор, каде што како предмет на набавка е ИКТ опрема и/или софтвер, чијашто вредност е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност.

Член 2

Советот го сочинуваат претседател, потпретседател, 12 членови и заменици на членовите на Советот.

Член 3

Советот е составен од:

1. претседател на Советот
- советник на претседателот на Владата на Република Македонија за ИКТ технологија;
2. потпретседател на Советот:
- министерот за информатичко општество и администрација;
3. членови на Советот:
- заменик претседателот на Владата на Република Македонија кој раководи со Секретаријатот за европски прашања;
- министерот за внатрешни работи;
- министерот за одбрана;
- министерот за труд и социјална политика;
- министерот за здравство;
- министерот за правда;
- министерот за образование и наука;
- министерот за локална самоуправа;
-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство;
-генералниот секретар на Владата на Република Македонија;
-претседателот на Заедницата на единиците на локална самоуправа и
-директорот на Агенцијата за електронски комуникации.
4. заменици на членови на Советот:
- овластено лице од заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија кој раководи со Секретаријатот за европски прашања;
- заменик на министерот за внатрешни работи;
- заменик на министерот за одбрана;
- заменик на министерот за труд и социјална политика;
- заменик на министерот за здравство;
- заменик на министерот за правда;
- заменик на министерот за образование и наука;
- заменик на министерот за локална самоуправа;
- заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија;
- овластено лице од претседателот на Заедницата на единиците на локална самоуправа и
- овластено лице од директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Во случај на спреченост или отсуство на членовите на Советот, истите ги заменуваат нивните заменици.

Член 4

За вршење на стручно-административните работи на Советот, претседателот назначува секретар, кој е од редот на вработените од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 5

По потреба на состаноците на Советот може да присуствуваат и други министри, заменици на министрите и административни службеници на предлог на министерствата, како и други стручни лица по одделни прашања, на предлог на претседателот, потпретседателот или членовите на Советот.

Член 6

Делокруг на работа на Советот е:

- изготвување и следење на имплементација на национална долгорочна ИКТ стратегија и на други стратешки документи поврзани со областа;
- предлагање информации и други материјали поврзани со ИКТ до Владата на Република Македонија;
- давање на мислења по технички спецификации на тендерските документации на институциите од јавниот сектор, каде што како предмет на набавка е ИКТ опрема и/или софтвер, чијашто вредност е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност;
- следење и координирање на имплементација на Националната стратегија за сајбер безбедност и Акцискиот план;
- давање предлози за изменување и дополнување на Националната стратегија за сајбер безбедност и Акцискиот план, како и предлагање конкретни мерки за подобрување на нивната имплементација;
- предлагање на мерки и активности во случај на сајбер криза;
- во соработка со засегнати субјекти давање предлози, мислења и препораки во врска со сјабер безбедноста и ИКТ областа.

Член 7

Стручно-оперативна и логистичка поддршка на Советот дава оперативно тело составено од вработени од институциите претставени во Советот.

Член 8

Советот се состанува најмалку еднаш месечно, а по потреба и почесто.

Член 9

За својата работа Советот донесува деловник за работа.

Член 10

Советот доставува годишен извештај за својата работа до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, заради нејзино информирање.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Национален совет за информатичко општество („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/08).

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11670/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**74.**

Врз основа на член 7 алинеја 9 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ЛУЦЕРН

1. Се именува г. Маркус Рајнхард за Почесен конзул на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11635/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**75.**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2019 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 12.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку 20 грантови во износ од 600.000,00 денари, за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

| |
|---|
| **Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните:**<br>– создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава;<br>– унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност;<br>– зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи;<br>– развивање на социјалното претприемништво;<br>– натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој;<br>– унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;<br>– воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството. |
| **Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија:**<br>– промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница. |
| **Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата:**<br>– одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото, изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност. |
| **Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа:**<br>– јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите;<br>– унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. |
| **Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија:**<br>– приближување на знаењето на учениците/студентите до барањата на пазарот на трудот и унапредување на соработката меѓу високообразовните институции, истражувачките центри, приватниот сектор и јавните институции. |

| |
|---|
| **Реформи во правосудството:**<br>– создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите. |
| **Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување:**<br>– градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Република Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење на дух на меѓусебно почитување;<br>– подобрување на состојбата на Ромите. |
| **Намалување на аерозагадувањето:**<br>– зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина. |

3. Постапката за распределување на средствата од точка 1 од оваа програма ќе се спроведе согласно на добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Македонија, утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

4. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности ќе доставаат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, најдоцна до 31 јануари 2020 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2020 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10761/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**76.**

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО**
**ВО 2019 ГОДИНА**

I

Средствата за ветеринарно јавно здравство во 2019 година се утврдуваат во износ од 36.142.000 денари и тоа од следниот извор:

| | |
|---|---|
| Средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, Раздел 14005 – Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 464 | 36.142.000денари |

II

Средствата за ветеринарно јавно здравство за 2019 година ќе бидат искористени за плаќање на заостанати обврски во износ од 1.042.000 денари, направени по активности предвидени со Програмата за ветеринарно јавно здравство во 2018 година и средства во износ од 35.100.000,00 денари за тековни активности.

III

Активностите за ветеринарно јавно здравство во 2019 година ги опфаќаат следните ставки:

| | |
|---|---|
| 1. План за мониторинг на присуство на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло | 22.200.000,00 денари |
| 2. Мониторинг на исполнувањето на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 3.500.000,00 денари |
| 3. Мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 1.500.000,00 денари |
| 4. Мониторингот на зоонози и причинители на зоонози и мониторинг на антимикробна отпорност | 1.500.000,00 денари |
| 5. Мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло | 3.100.000,00 денари |
| 6. Мониторинг на безбедноста на храната за животни | 2.300.000,00 денари |
| 7. Мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло | 1.000.000,00 денари |
| ВКУПНО | 35.100.000,00 денари |

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 22.200.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за дијагностичко испитување на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло | 20.000.000,00 денари |
| - трошоци за следење и откривање на присуство на резидуи во производите од животинско потекло од увоз | 2.200.000,00 денари |

V

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 3.500.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 2.500.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло од увоз | 1.000.000,00 денари |

VI

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 1.500.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 1.500.000,00 денари |

VII

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 1.500.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за утврдување и следење на зоонози и причинителите на зоонози и антимикробната отпорност | 1.500.000,00 денари |

VIII

Средствата од дел III точка 5 на оваа програма во износ од 3.100.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло | 2,300.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на квалитет на храната од животинско потекло од увоз | 800.000,00 денари |

IX

Средствата од дел III точка 6 на оваа програма во износ од 2.300.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните | 1.700.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните од увоз | 600.000,00 денари |

X

Средствата од дел III точка 7 на оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло | 200.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло од увоз | 800.000,00 денари |

XI

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат активностите за следење и откривање на присуството на резидуи во суровините и производите од животинско потекло.

XII

За спроведувањето на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

XIII

Оваа програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-11086/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**77.**

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2019 ГОДИНА**

I

Средствата за здравствена заштита на животните во 2019 година се утврдуваат во износ од 337.260.000,00 денари и тоа од следните извори:

| | |
|---|---|
| 1. Средства од Буџетот на Република Македонија, раздел 140.05 Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464 | 337.260.000,00 |

**II**

Средствата за здравствена заштита на животните во 2019 година, ќе се користат за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Заостанати обврски од претходната година (2018 година) | 25.000.000,00 |
| 2. | Здравствена заштита на животните за 2019 година | 296.160.000,00 |
| 3. | Набавка на средства за идентификација на домашни миленици | 3.000.000,00 |
| 4. | Набавка на вакцина против бруцелоза кај мали преживари | 5.000.000,00 |
| 5. | Набавка на средства за подобра подготвеност и ефикасност во случај на појава на особено опасни заразни болести | 5.000.000,00 |
| 6. | Набавка на стапици за мониторинг на вектори | 3.100.000,00 |

**III**

Заостанати обврски од претходната година (2018 година), ќе се користат за:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Заостанати обврски од претходната година | 25.000.000,00 |
| 1.1 | Плаќање на заостанати обврски од претходната година (2018 година) по основ на активности за здравствена заштита на животните | 25.000.000,00 |

**IV**

Активностите за здравствена заштита на животните во 2019 година, ги опфаќаат следните ставки:

| **Ред.бр** | **Вид на мерка** | **Износ во денари без ддв** |
|---|---|---|
| **1.** | **Надзор на болести кај свињите** | **4.100.000,00** |
| 1.1 | Земање и испраќање на примероци за испитување на класична чума кај свињите и африканска чума кај свињите | 250.000,00 |
| 1.2 | Вакцинација и сузбивање на класичната чума кај свињите вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појава на болеста | 500.000,00 |
| 1.3 | Дијагностичко испитување на класичната чума кај свињите и африканска чума кај свињите | 3.350.000,00 |
| **2.** | **Надзор на болести кај живината** | **9.520.000,00** |
| 2.1 | Земање на мостри и брисеви за мониторинг на присуство на болести кај домашната, комерцијалната и дива и водна живина | 920.000,00 |
| 2.2 | Дијагностичко испитување на авијарна инфлуенца со серолошки и молекуларни тестови | 2.000.000,00 |
| 2.3 | Дијагностичко испитување на њукастелска болест | 3.500.000,00 |
| 2.4 | Дијагностичко испитување на присуство на западно нилска треска | 1.200.000,00 |
| 2.5 | Дијагностичко испитување на салмонелелоза кај живината | 1.900.000,00 |
| **3.** | **Надзор на заразни болести кај копитарите** | **3.010.000,00** |
| 3.1 | Вакцинација на копитари против антракс | 10.000,00 |
| 3.2 | Дијагностичко испитување на присуство на западно нилска треска | 2.100.000,00 |
| 3.3 | Земање мостри за инфективна анемија кај копитарите и западно нилска треска | 200.000,00 |
| 3.4 | Дијагностика на инфективна анемија кај копитарите | 700.000,00 |
| **4.** | **Надзор на болести кај пчелите** | **210.000,00** |
| 4.1 | Испраќање на материјал за испитување на американска чума на пчелно легло | 10.000,00 |
| 4.2 | Дијагностичко испитување на американска чума на пчелно легло | 150.000,00 |
| 4.3 | Дијагностичко испитување на други заразни болести кај пчели | 50.000,00 |
| **5.** | **Надзор и контрола на вектори** | **500.000,00** |
| 5.1 | Мониторинг и контрола на вектори (броење и идентификација) | 500.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Надзор на заразни болести кај дивечот** | **7.650.000,00** |
| 6.1 | Застрелување и испраќање на примероци за мониторинг на оралната вакцинација против беснило кај дивечот (лисици и волци) | 1.250.000,00 |
| 6.2 | Мониторинг на беснило - лабораторија | 1.900.000,00 |
| 6.3 | Лабораториско испитување при сомнеж на беснило | 250.000,00 |
| 6.4 | Земање и испраќање примероци од застрелани диви свињи | 450.000,00 |
| 6.5 | Дијагностичко испитување на класичната чума и африканска чума кај дивите свињи | 1.300.000,00 |
| 6.6 | Дијагностичко испитување на други заразни болести кај дивечот | 100.000,00 |
| 6.7 | Дијагностичко испитување на трихинела кај диви свињи и лисици | 2.400.000,00 |
| **7.** | **Надзор на заразни болести кај кучињата** | **20.000,00** |
| 7.1 | Земање и испраќање на мостри за беснило | 10.000,00 |
| 7.2 | Дијагностичко испитување на беснило | 10.000,00 |
| **8.** | **Надзор на заразни болести кај рибите** | **6.000.000,00** |
| 8.1 | Дијагностичко испитување на заразни болести кај рибите | 6.000.000,00 |
| **9.** | **Надзор на заразни болести кај овците и козите** | **108.200.000,00** |
| 9.1 | Земање, пакување и испраќање на материјал за лабараториско испитување на болести кај овците и козите | 37.000.000,00 |
| 9.2 | Дијагностичко испитување на бруцелозата кај овците и козите | 44.000.000,00 |
| 9.3 | Вакцинација против бруцелоза кај овците и козите | 9.600.000,00 |
| 9.4 | Превентивна вакцинација против антракс | 1.000.000,00 |
| 9.5 | Дијагностичко испитување на скрепи | 600.000,00 |
| 9.6 | Вакцинација против ентеротоксемија кај овците и козите | 16.000.000,00 |
| **10.** | **Надзор на заразни болести кај говедата** | **88.300.000,00** |
| 10.1 | Земање, пакување и испраќање на материјал за лабараториско испитување на болести кај говедата | 15.000.000,00 |
| 10.2 | Дијагностичко испитување на бруцелозата кај говедата | 13.000.000,00 |
| 10.3 | Превентивна вакцинација против антракс | 300.000,00 |
| 10.4 | Дијагностичко испитување на спонгиоформна енцефалопатија кај говедата | 12.000.000,00 |
| 10.5 | Туберкулизација и ретуберкулизација на говедата | 30.000.000,00 |
| 10.6 | Вакцинација против болест на чореста кожа | 18.000.000,00 |
| **11** | **Надомест за заклани/еутаназирани болни животни заради сузбивање на заразни болести** | **45.000.000,00** |
| 11.1 | Надомест за заклани/еутаназирани болни животни заради сузбивање на заразни болести | 45.000.000,00 |
| **12.** | **Трошоци за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при сузбивање на заразните и други болести кај животните** | **1.500.000,00** |
| 12.1 | Трошоци за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при сузбивање на заразни и други болести кај животните | 1.500.000,00 |
| **13.** | **Дијагностика и превентивни мерки за сузбивање на особено опасни болести и болести од економски интерес за државата согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство, а кои не се предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните** | **6.500.000,00** |
| **14** | **Надзор на особено опасни болести и болести од економски интерес за државата согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство** | **6.650.000,00** |
| **15** | **Внес на податоци за здравствена заштита на животните во Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство од страна на ветеринарните друштва кои имаат склучено договор со Агенцијата за храна и ветеринарство** | **9.000.000,00** |
| | **Вкупно** | **296.160.000,00** |

V

Средствата од дел III потточка 1.1 од оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство со ветеринарните друштва, лаборатории и правни лица (ловни друштва, концесионери на ловиштата и национални паркови во Република Македонија).

Средствата од дел III потточка 1.1 и дел IV потточка 11.1 од оваа програма ќе се исплаќаат на правни или физички лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за ветеринарно здравство и по донесено решение од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Средствата од дел IV потточките 1.1, 1.2, 2.1, 3.1, 3.3, 4.1, 5.1, 6.1, 6.4, 7.1, 9.1, 9.3, 9.4, 9.6, 10.1, 10.3, 10.5, 10.6, 12.1, 13, 14 и 15 од оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и ветеринарните друштва.

Средствата од дел IV потточките 1.3, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5, 3.2, 3.4, 4.2, 4.3, 5.1, 6.2, 6.3, 6.5, 6.6, 6.7, 7.2, 8.1, 9.2, 9.5, 10.2, 10.4, 10.5, 13 и 14 од оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и лаборатории.

Средствата од дел IV потточките 6.1 и 6.4 од оваа програма ќе се исплаќаат на правни лица врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и правни лица (ловни друштва, концесионери на ловиштата и национални паркови во Република Македонија).

VI

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја во кои се појавиле заразни болести во поголем обем.

VII

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11089/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**78.**

Врз основа на член 70 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15, 11/16, 21/18 и 209/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2019 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се уредува финансирањето на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

II

Во текот на 2019 година планирано е да се реализираат инвестициони активности во вкупен износ од 244.510.000,00 денари кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, од кои средства од основен буџет во износ од 88.650.000,00 денари, од самофинансирачки активности во износ од 660.000,00 денари и средства од заемот од Банката за развој на Совет на Европа во износ од 155.200.000,00 денари.

III

ГРАДЕЖНИ РАБОТИ И НАБАВКА НА ОПРЕМА И МЕБЕЛ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПНА ВИСИНА ОД 66.000.000,00 ДЕНАРИ ОД КОИ 65.340.000,00 ДЕНАРИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ И 660.000,00 ДЕНАРИ ОД БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

1. Набавка на опрема за потребите на казнено - поправните и воспитно -поправните установи.

2. КПД ИДРИЗОВО

2.1. Санација, адаптација и надзор над санацијата и адаптацијата во дел од Установата

3. КПД ШТИП

3.1. Изведба на пречистителна станица

3.2. Набавка на мебел

4. ЗАТВОР СКОПЈЕ

4.1. Санација, адаптација и надзор над санацијата и адаптацијата во дел од Установата

4.2. Инсталирање на соларни панели

4.3. Поставување на ограда

4.4. Продолжување со изведба на капацитет за водоснабдување

5. ЗАТВОР ПРИЛЕП

5.1. Изведба на капацитет за водоснабдување

5.2. Инсталирање на соларни панели

6. ЗАТВОР ТЕТОВО

6.1. Санација, адаптација и надзор над санацијата и адаптацијата во дел од Установата

6.2. Набавка на опрема

7. ЗАТВОР СТРУМИЦА

7.1. Инсталирање на соларни панели

8. ЗАТВОР ГЕВГЕЛИЈА

8.1. Изведба на капацитет за водоснабдување

8.2. Инсталирање на соларни панели

9. КПД ОД ОТОВОРЕН ВИД СТРУГА

9.1 Санација, адаптација и надзор над санацијата и адаптацијата во дел од Установата.

IV

ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА, ИЗВЕДБА И НАДЗОР НАД ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ КАКО И НАБАВКА НА ОПРЕМА И МАШИНИ, МЕБЕЛ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПЕН ИЗНОС ОД 178.510.000,00 ДЕНАРИ ОД КОИ 155.200.000,00 ДЕНАРИ ОД ЗАЕМОТ И 23.310.000,00 ДЕНАРИ ОД БУЏЕТСКОТО УЧЕСТВО НА ЗАЕМОТ

1.КПД ИДРИЗОВО

1.1. Изведба на градежни работи, надзор над изведбата на градежните работи, проектирање, ревизија, набавка на опрема и машини.

2.ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО

2.1. Изведба на градежни работи, надзор над изведбата на градежните работи, проектирање, ревизија, набавка на опрема и машини и мебел.

V

За реализација на оваа програма ќе се користат средства обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2019 година, Раздел 07002 - Управа за извршување на санкциите, Сметка 637 Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А – изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 480 – купување на опрема и машини во износ од 6.804.000,00 денари, ставка 481 - градежни објекти во износ од 5.000.000,00 денари, 482-други градежни објекти во износ од 53.136.000,00 денари, 483 – купување на мебел во износ од 400.000,00 денари, Сметка 787 Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А - изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи , ставка 480 – купување на опрема и машини во износ од 460.000,00 денари и ставка 482 – други градежни објекти во износ од 200.000 денари, Сметка 637 Програма 3 - казнено поправни установи, капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, 480 – купување на опрема и машини во износ од 1.600.000,00 денари, ставка 481 - Градежни објекти во износ од 21.350.000,00 денари и 483 – купување на мебел во износ од 360.000,00 денари и од заемот сметка 786 Програма 3 - казнено поправни установи, капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, 480 – купување на опрема и машини во износ од 10.000,00 денари, ставка 481 - Градежни објекти во износ од 143.200.000,00 денари и 483 – купување на мебел во износ од 2.000.000,00 денари.

VI

За извршувањето на оваа програма се изготвува извештај во рокот предвиден за составување на годишна сметка на Управата за извршување на санкциите.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11294/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**79.**

Врз основа на член 49-г став (1) од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12,43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ, УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ ЗА 2019 ГОДИНА**

I

ОПШТА ОДРЕДБА

Со оваа програма се пропишува управувањето, уредувањето и одржувањето на објектите на граничните премини на Република Македонија за патен сообраќај за 2019 година.

II

ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Основни извори на средствата потребни за реализирање на оваа програма се планирани во Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

За реализација на оваа програма потребни се вкупно 40.507.000,00 денари и истите се планирани од буџетски раздел 09003-Царинска управа на Република Македонија, буџетска сметка 637-16, програма 22 – Гранични премини и програма 20 – Царинска управа, како и сопствена сметка 631-14 и сметка од самофинансирачки активности 787-14, програма 20 – Царинска управа.

| Планирани активности | Буџет на Република Македонија за 2019 година | сметка/програма/ставка |
|---|---|---|
| **Поправки и тековно одржување:** | | |
| Тековно одржување на објекти | 7.050.000 | 637/22/424 |
| Одржување фискални апарати | 100.000 | 637/22/424 |
| Одржување рампи | 800.000 | 637/22/424 |
| Одржување ваги | 2.200.000 | 637/22/424 |
| Одржување агрегати | 1.250.000 | 637/22/424 |
| Одржување противпожарни апарати, замена на дојавувачи за пожар и централи | 450.000 | 637/22/424 |
| | **11.850.000** | |
| **Договорни услуги:** | | |
| Надворешно одржување на хигиена на гранични премини | 11.500.000 | 637/22/425 |
| | **11.500.000** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Инвестиционо одржување - градежни работи:** | | |
| Набавка нови електронски колски ваги | 3.500.000 | 637/22/480 |
| | 500.000 | 631/20/480 |
| Изработка на Архитектонско урбанистички проекти и основни проекти за објекти на граничните премини | 500.000 | 637/22/481 |
| Реконструкција и промена на столарија на објекти на Царинската управа | 1.500.000 | 637/22/481 |
| Реконструкција на санитарни јазли на гранични премини | 900.000 | 637/22/481 |
| Санација на асфалтни површини на гранични премини | 1.300.000 | 637/22/482 |
| | 2.757.000 | 787/20/482 |
| Реконструкција на надворешен водовод цевковод граничен премин Делчево | 600.000 | 637/22/482 |
| Изведба на бунар на граничен премин Блаце | 1.000.000 | 637/22/482 |
| Покривање на кров на објект на котлара и деловни простории | 600.000 | 637/22/482 |
| Реконструкција на надворешна и внатрешна хидрантска мрежа на граничните премини | 1.000.000 | 637/22/482 |
| | **14.157.000** | |
| Надоместоци за експропријација | 3.000.000 | 637/20/485 |
| | **3.000.000** | |
| **ВКУПНО:** | **40.507.000** | |

III

ДИНАМИЧЕН ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Активности поврзани со изградба на објекти и инфраструктура кои се наоѓаат во границите на опфат утврдени со урбанистичките планови за граничните премини, со средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година не се предвидуваат.

Во текот на 2019 година Царинска управа ќе продолжи со изградба на граничен премин Белановце-Станчиќ, а воедно ќе продолжат активностите околу изработка на проектна документацијата и отпочнување со градба на граничен премин Маркова Нога, планирање за проширување на граничните премини Ќафасан, Деве Баир, Меџитлија и Стење, како и изработка и поставување на нова сигнализација на граничен премин Богородица, кои ќе се реализираат со финансиски средства обезбедени од ИПА програмата на Европската унија.

IV

ПЛАН ЗА ИНВЕСТИЦИОНО И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Инвестиционото и тековното одржување на граничните премини опфаќа: санација, реконструкција и замена на објекти, опрема, инсталации и друго.

Во текот на 2019 година во смисла на инвестиционо одржување на објектите на граничните премини се предвидуваат следните активности: санација на асфалтни површини, реконструкција и замена на столарија на фасада и внатрешна столарија на објекти на граничните премини, реконструкција на санитарни јазли на гранични премини, изведба на бунар на граничен премин Блаце, реконструкција на надворешна и внатрешна хидрантска мрежа на граничните премини Деве Баир, Делчево, Свети Наум и Блаце, како и набавка нови електронски ваги.

Со тековното одржување на граничните премини се предвидува одржување на: објекти, опрема и инсталации, ваги, рампи, агрегати, фискални апарати, чистење на наноси од снег на платото во зона на контрола на патници и терминал, одржување на хигиена на отворени површини на граничните премини и терминали и одржување на противпожарни апарати.

Инвестиционото и тековното одржување на граничните премини се предвидува да се изврши со средства од буџетската сметка на Царинската управа за 2019 година, раздел 09003 - Царинска управа, сметка 637-16, програма 22 - Гранични премини, како и сопствена сметка 631-14 и сметка од самофинансирачки активности 787-14, програма 20 – Царинска управа, ставки 424, 425, 480, 481 и 482.

**Предвидени средства за реализација: 37. 007.000 ден.**

V

ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, КОЛСКИ ВАГИ, ПАРКИРАЛИШТА, ТЕРМИНАЛИ И САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Во текот на 2019 година предвидени се активности за подготвителни работи за изградба на деловен простор, колски ваги, паркиралишта, терминали и санитарни јазли на граничните премини, во смисла на изработка на архитектонско урбанистички проекти, основни проекти за објекти на граничните премини.

Подготвителните работи во делот на изработка на проектната документација за изградба на објекти на граничните премини се предвидува да се изврши со средства од буџетската сметка на Царинската управа за 2019 година, раздел 09003 - Царинска управа, сметка 637-16, програма 22 - Гранични премини, ставка 481.

**Предвидени средства за реализација: 500.000 ден.**

VI

ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ОПРЕДЕЛЕНО СО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

**1. Иницирање на изработка на урбанистички проекти, технички планови, документација и услови за градба**

Со планот за уредување на градежното земјиште определено со урбанистички планови, се планира иницирање на изработка и усвојување на урбанистички планови за граничните премини, како и измена на постојните.

Во текот на 2019 година, Царинската управа преку Министерството за транспорт и врски, а во согласност со член 49-б став (1) алинеја 2 од Законот за Царинската управа, ќе иницира изработка на нова урбанистичко планска документација за граничните премини Деве Баир, Ќафасан, Меџитлија, Клепало, Маркова Нога и Стење.

**2. Планирање, градење, поставување, пренамена, реконструкција и отстранување на објекти**

Активности поврзани со планирање, градење, поставување, пренамена, реконструкција и отстранување на објекти, со средства од Буџетот на Царинската управа за 2019 година се предвидуваат во тековното одржување на објекти.

**3. Решавање на имотно-правни односи на градежното земјиште**

Царинската управа на Република Македонија во 2019 година ќе продолжи со постапката за запишување на правата на недвижностите на граничните премини во сопственост на Република Македонија.

Во текот на 2019 година се предвидува да продолжат активностите поврзани со постапките за експропријација на земјиште во опфатот на граничните премини Блаце, Ќафасан и граничните премини кои ќе бидат дел од капиталните инвестиции во период 2019-2022 година и истите вклучуваат исплата на надоместоци на поранешните сопственици по склучени спогодби за експропирано земјиште, како и исплата на надоместоци определени со правосилни судски пресуди.

Исплата на надоместоци за експроприрано земјиште се предвидува да се изврши со средства од буџетската сметка на Царинската управа за 2019 година, раздел 09003- Царинска управа, сметка 637-16, програма 20, ставка 485

**Предвидени средства за реализација: 3.000.000 ден.**

VII

НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ СЕ ДАВААТ ВО ЗАКУП, НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР, КОЛСКИТЕ ВАГИ, ПАРКИРАЛИШТА, ТЕРМИНАЛИ И САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Објектите на граничните премини со кои располага Царинската управа се даваат во закуп по пат на јавен оглас согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Користењето на објектите кои се даваат во закуп, паркиралишта, терминали и санитарни јазли се врши врз основа на потпишување договори за регулирање на односите меѓу органите на државната управа и правните лица кои вршат дејности кои се поврзани со царинското работење од една страна и Царинската управа од друга страна во врска со користењето на објектите на граничните премини за патен сообраќај.

Во договорите ќе се дефинираат површините кои ги користат органите на државната управа како и останатите права и обврски во поглед на регулирање на заедничките трошоци за тековно одржување, струја, греење, вода, комуналии, јавна хигиена, примена на прописите од областа на противпожарна заштита.

Начинот на користење на објектите од страна на правните лица кои вршат дејности поврзани со царинското работење и чие присуство на граничните премини е неопходно, ќе се регулира со склучување поединечни договори за закуп согласно Законот за Царинската управа.

VIII

ПЛАН ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ПОД ЗАКУП

Објектите и локациите за рекламниот простор Царинската управа ќе ги дава во закуп по пат на јавен оглас за поднесување пријави и спроведување постапка за јавно наддавање, при што се предвидува склучување договор со правното лице кое ќе излицитира највисока цена за закуп на објектите и локациите за рекламен простор на граничните премини на Република Македонија за патен сообраќај, а врз основа на почетна цена утврдена во согласност со Законот за процена од страна на Бирото за судски вештачења.

IX

ВИД НА УСЛУГИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ЗА КОИ СЕ НАПЛАТУВА НАДОМЕСТОК

Видот на услугите на граничните премини за кои се наплатува надоместок се:

- давање во закуп објекти и локации за рекламен простор и

- извршени услуги – надоместок за влез и користење терминал и терминални услуги кај царински постапки на стока која не подлежи на издавање дозволи од надлежни инспекциски органи и услуга за мрежно напојување, надоместок за влез и користење терминал и терминални услуги кај царински постапки на стока која подлежи на издавање дозволи од надлежни инспекциски органи и мрежно напојување, и надоместок за утовар и истовар на стока.

X

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11300/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**80.**

Врз основа на член 57 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА БРУЦЕЛОЗА КАЈ ОВЦИТЕ И КОЗИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 2016 ДО 2020 ГОДИНА**

Член 1

Во Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите за период од 2016 до 2020 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/16) во членот 3 став (1) точка 2 алинеја 2 зборовите „на возраст до шест месеци“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Одгледувалиштата од став (1) точка 1 на овој член се наоѓаат во општините кои се дадени во Прилог 2 дел А кој е составен дел на оваа програма, додека одгледувалиштата од став (1) точка 2 на овој член се наоѓаат во општините кои се дадени во Прилог 2 дел Б.“

Член 2

Во членот 4 се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) За сомнителни животни на бруцелоза, покрај став (1) од овој член, ќе бидат прогласени и:

1. животните кои на лабораториско тестирање реагирале позитивно согласно член 6 на оваа програма, а потекнуваат од одгледувалишта во кои немало потврдено присуство на болеста бруцелоза во последните две години и доколку бројот на животни во одгледувалиштето кои при лабораториско испитување дале позитивен резултат на бруцелоза е помал од 1% од вкупниот број на испитани животни во одгледувалиштето, или

2. животните кај кои при примена на дијагностичките тестови од Прилог 1 став (1) на оваа програма е добиен позитивен резултат со тестот ELISA и доколку:

- ниту едно од тестираните животни не дало позитивен резултат на тестот РВК и
- не постои потврдена епидемиолошка врска со потврден извор на инфекција.”

Член 3

Во членот 5 во став (2) точката 3 се менува и гласи:

„спроведување на епидемиолошко испитување со цел утврдување на изворот, времето и начинот на инфекција и можните патишта за понатамошно ширење на инфекцијата.”

По точката 5 се додава нова точка 6 која гласи:

“6. еутаназија или колење на сомнителните животни заради земање на мостри (органи и крвни проби) за потврда на присуство на болеста бруцелоза согласно тестовите од член 6 односно од Прилог 1 став (2) или отфрлање на сомнежот.”

Во став (3) зборовите „не се утврди“ се заменуваат со зборовите „се отфрли“.

Член 4

Во членот 7 став (1) точка 9 по зборот „еутаназираат“ се додаваат зборовите „при што се врши нештетно отстранување на еутаназираните животни;“.

Член 5

Во членот 8 во ставот (3) по зборовите “член 3 став (1) точка 2” запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

“(4) Само животните од одгледувалиштата од член 3 став (1) точка 1 од оваа програма може да се движат кон добиточни пазари.”

Член 6

Членот 9 се менува и гласи:

“Во одгледувалиштата од член 3 став (1) точка 2 од оваа програма може да се внесуваат животни од видот овци и кози само доколку:

1. животните потекнуваат од одгледувалишта со ист здравствен статус во однос на бруцелозата;
2. животните потекнуваат од одгледувалишта од член 3 став (1) точка 1 од оваа програма;
3. животните се индивидуално обележани согласно Законот за идентификација и регистрација на животните; и
4. животните потекнуваат од одгледувалишта каде сите животни приемчиви на бруцелоза (B.melitensis) не покажале клинички или други знаци на болеста во последните 12 месеци.“

Член 7

Членот 10 се менува и гласи:

„(1) Движењето на животните од член 3 став (1) на оваа програма е можно во случаите утврдени во членовите 8 и 9 на оваа програма.

(2) Животните од став (1) треба да се движат исклучиво со сертификат за здравствена состојба на животните.”.

Член 8

Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози 1 и 2 кои се составен дел на оваа програма.

Член 9

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11344/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**Прилог 1**

**Дијагностички тестови**

(1) Дијагностичкото испитување на Бруцелоза кај овците и козите се врши со серолошко испитување со примена на тестот брза аглутинација-Розе бенгал тест (РБТ). Доколку сите животни на одгледувалиштето дадат негативен резултат на овој тест, негативниот резултат се смета како конечен.

Доколку со серолошкото испитување на крвта на животните (РБТ) се добие позитивен резултат кај помалку од 5% од животните во одгледувалиштето, позитивните проби се испитуваат со тестот на врзување на комплемент (РВК). Доколку со (РВК) тестот се потврди позитивен резултат, во тој случај сите животни од одгледувалиштето треба да бидат испитани со истиот тест.

Доколку со серолошкото испитување на крвта на животните со (РБТ) се добие позитивен резултат кај повеќе од 5% од животните во одгледувалиштето, во тој случај крвта од сите животни од одгледувалиштето треба да се испита со тестот (РВК).

Доколку при тестирањето со (РВК) тестот, испитуваниот серум покаже антикомплементарна активност, тогаш како метода за серолошка дијагностика ќе се употреби дијагностичката метода (ELISA).

(2) За потврда на присуството на болеста бруцелоза кај животните кои се прогласени за сомнителни, согласно одредбите во член 4 од оваа програма, треба да се изврши земање на соодветен дијагностички материјал во присуство на официјален ветеринар и тоа: крвен примерок за серум (со употреба на стерилни вакум епрувети без присутво на антикоагуланс и во количина не помала од 1 ml); некоагулирана крв (со употреба на стерилни вакум епрувети со EDTA и во количина не помала од 2 ml); лимфни јазли од кои задолжително: Ln. Inguinales superficiales (Supramammrici), Ln. Subiliaci и Ln. retropharyngeales; слезена, црн дроб и во случај на гравидитет: фетус и плацента. Од земениот материјал, со употреба на дијагностичките методи наведени во став (1) од овој прилог, се врши потврда на серолошкиот позитивен статус на животното. Доколку се потврди серолошкиот позитивен наод, тогаш во доставениот материјал се врши потврда на присуство на причинителот на бруцелозата со методите: изолација и верижна реакција со полимераза (PCR) како и одредување на видот на бруцелата со методата на верижна реакција со полимераза (PCR). Во случај да не се потврди позитивниот серолошкиот наод, во материјалот земен при еутаназија/колење на сомнителното животно, не се продолжува со понатамошни тестирања.

(3) На барање на Агенцијата, а со цел одредување на изворот, времето и начинот на инфекцијата за претходното или понатамошното ширење на инфекцијата во стада/региони, при колење од одземените животни во рамките на оваа програма или при спроведена еутаназија на лице место можат да се земат соодветни мостри (органи или др.) за докажување и типизација на причинителот на бруцелоза со употреба на некој од следните дијагностичките методи: изолација, верижна реакција со полимераза (PCR) и анализа на варијабилен број на тандемски повторувања во повеќе локуси (MLVA).

(4) Антигенот кој се употребува треба да биде стандардизиран согласно меѓународниот стандарден серум на Светската организација за здравствена заштита на животните-OIE (OIEISS).

**Прилог 2**

Листа на општини согласно член 3 став (1) на оваа програма

А. Општини во кои одгледувалиштата ги исполнуваат условите од став (1) точка 1 (општини каде не се врши вакцинација против бруцелоза кај овци и кози):

1. Берово,
2. Пехчево,
3. Делчево,
4. Македонска Каменица,
5. Виница,
6. Кочани,
7. Зрновци,
8. Кратово,
9. Чешиново - Облешево,
10. Крива Паланка,
11. Ранковце и
12. Пробиштип

Б. Општини во кои одгледувалиштата ги исполнуваат условите од став (1) точка 2 (општини каде се врши вакцинација против бруцелоза кај овци и кози)

Сите општини со исклучок на општините дадени во дел А на овој Прилог.

**81.**

Врз основа на член 18 став 3 од Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ДИЈАСПОРАТА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, утврдени во Раздел 040.01 -Влада на Република Македонија, Потпрограма 14 – Иселеништво, ставка 464-разни трансфери, наменети за финансирање на проекти од областа на дијаспората, во вкупен износ од 6.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмски активности на здруженија, правни и физички лица со следниве приоритетни цели:

| Опис на приоритет | Вкупен износ во денари |
|---|---|
| • Грижа за дијаспората во соседството и во светот;<br>• Продлабочување на културната соработка помеѓу Република Македонија и дијаспората;<br>• Промоција на мајчиниот јазик, традиција и култура;<br>• Постоењето на пишани и електронски медиуми на мајчин јазик за потребите на граѓаните на Република Македонија во дијаспората. | 6.000.000 |

3. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Кабинет на министерот задолжен за дијаспора.

4. Корисниците на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршување на своите програмски активности ќе достават извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Кабинет на министерот задолжен за дијаспора, најдоцна до 31 јануари 2020 година.

5. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Кабинет на министерот задолжен за дијаспора, ќе достави извештај за реализација на оваа програма, до Владата на Република Македонија, најдоцна до 29 февруари 2020 година.

6. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11371/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**82.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Туберкулозата се уште претставува глобален медицински проблем пред се во неразвиените земји и земјите во развој. Денес, една третина од светската популација е инфицирана со туберкулозниот бацил. Кај 10% од инфицираните во текот на животот се развива болест. Според податоците на Светската здравствена организација, секоја година во светот се регистрираат над 8 милиони нови случаи на туберкулоза а умираат над 2 милиони. Појавата на резистентни форми на туберкулоза чиј број континуирано се зголемува, е една од причините која придонесува за големината на проблемот со туберкулозата. Денес во светот има приближно половина милион заболени од резистентни форми на туберкулоза. Епидемијата на ХИВ/СИДА во светот придонесе за значително зголемување на бројот на болни од туберкулоза. ХИВ инфекцијата е најмоќен познат фактор што овозможува прогресија на туберкулозната инфекција во болест. Фактори кои претставуваат ризик во оваа програма се доцнење со реализација на јавна набавка, доцнење со реализација на активниот скрининг на болни со радиофотографија и нереализација на активностите кои се во надлежност на стационарите, диспанзерите, ПЗУ и патронажата.

### II. СОСТОЈБА ВО ИЗМИНАТИ 11 ГОДИНИ

Од 2007 година кога е воспоставена електронската база на податоци за болните од туберкулоза, наваму туберкулозата во Република Македонија е во континуирано опаѓање што е прикажано на табелата:

| година | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број на регистрирани | 563 | 483 | 473 | 420 | 362 | 355 | 323 | 285 | 284 | 267 | 218 |
| стапка на регистрирани /100 000 население | 27,5 | 23,6 | 23,1 | 20,4 | 17,6 | 17,2 | 15,7 | 13,8 | 13,7 | 12,9 | 10,6 |
| стапка наумрени /100 000 население | 1,8 | 1,3 | 0,8 | 1,5 | 0,9 | 1,3 | 1,1 | 0,9 | 0,9 | 0,8 | 0,3 |
| мажи | 348 | 275 | 278 | 252 | 214 | 213 | 219 | 182 | 176 | 169 | 142 |
| жени | 215 | 208 | 195 | 168 | 148 | 142 | 104 | 103 | 108 | 98 | 76 |

Околу 75-80% од случаите на туберкулоза се случаи на белодробна туберкулоза додека 20-25% се случаи на вонбелодробна туберкулоза. Во континуитет се намалува и стапката на детска туберкулоза така да во 2017 година изнесува 2,9 /100 000 население (10 болни). Бројот на мултирезистентни форми на туберкулоза варира од 2-3 случаи на годишно ниво. Коинфекцијата на ТБ и ХИВ во периодот 2007-2017 година е регистрирана кај 4 лица.

Покрај подобрувањето на епидемиолошките параметри, лошата социјално економска состојба поради невработеноста, сиромаштијата, стигмата и големиот број на хронични незаразни болести може да придонесат проблемот со туберкулозата и натаму да перзистира. Ова наметнува потреба од постојана активност од надлежните институции одговорни за контрола на болеста.

## III. МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ

Со цел за што поуспешна контрола на туберкулозата во Република Македонија, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата, особено онаа предизвикана од резистентни соеви на Mycobacterium tuberculosis, спречување на коинфекција меѓу туберкулозата со ХИВ инфекцијата, неопходно е да се превземат сите расположиви превентивни мерки кои придонесуваат за рано откривање и спречување на болеста. Сепак најдобра превентивна мерка е правилно и навремено лекување на секој болен од туберкулоза со што се прекинува ланецот на ширење на инфекцијата.

## IV. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целите на оваа програма се зацртани со секоја програмска активност.

1.1. Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со

селективна радиофотографија:

Со цел рано откривање на болните од туберкулоза и други неспецифични белодробни заболувања се врши селективно радиофотографско снимање на лица кај кои постои поголема опасност од заболување од туберкулоза. Тоа се лица кои спаѓаат во т.н. ризични групи: затвореници, болни во психијатриски болници, привремено раселени лица, бездомници, лица во домови за стари, популација со поголема стапка на заболување од туберкулоза во однос на националата (Роми), подрачја со поголема стапка на заболување од туберкулоза, корисноци на дроги и сл. Со радиофотографија во 2019 година ќе бидат опфатени 5000 лица. По извршената дообработка се изготвува Извештај .

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

1.2. Дообработка на сомнителни ртг наоди:

цел на активноста е да прегледаните лица со радиофотографско снимање со сомнителни рентгенолошки наоди се обработат со дополнителни иследувања. Во 2019 година се планира со дообработка да бидат опфатени 150 лица. По извршената дообработка се изготвува Извештај.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

2. Трошоци за скрининг на сомнителни за туберкулоза (партиципација)

Како контакти се испитуваат:

- Сите лица кои биле во контакт со болен од микроскопски позитивна туберкулоза

- Родителите и другите членови на семејството на болно дете (до 14 годишна возраст)

Минимум испитувања за преглед на контакти:

- Возрасни: рентгенграфија на бел дроб и директна микроскопија два искашлока

- Деца: испитувањето се состои од туберкулинско тестирање по методата на Манту и квантиферон тест по индикација поставена од лакар, рентгенграфија и директна микроскопија два искашлока.

За испитаните контакти се пополнува формулар кој се доставува во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза заедно со фактура за партиципација која не е наплатена од пациентот. Врз основа на фактурите доставени од установите кои ги прегледале контактите ќе биде извршена исплата од Институтот. Со оваа активност се планира да бидат опфатени 600 лица.

Извршители: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле, другите стационари и диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза.

3. Мониторинг - евалуација и стручно-методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза

Со цел да се подобри организацијата на работата, обемот и квалитетот на стручната работа, спроведување на превентивни мерки, водење на медицинската документација за случаите со туберкулоза и сл. се спроведува стручно-методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза.

Тимот за мониторинг и евалуација го сочинуваат експерти од Институтот. Се мониторира и евалуира по два пати годишно работата на 40 установи и тоа: 4 болници,12 диспанзери, 3 психијатриски болници 1 специјален завод , 13 Казнено-поправниустанови и 7 микробиолошки лаборатории во Република Македонија.

За извршениот стручно-методолошки надзор се изготвува записник кој се потпишува на лице место од присутните при надзорот а потоа се изготвува Извештај со предлог мерки за надминување на идентификуваните проблеми за секоја установа посебно.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

4. Редовна надворешна проверка на квалитетот на лабораториите

Еднаш годишно се контролира работата на 7 лаборатории за дијагноза на туберкулоза-директна микроскопија преку испраќање на панел за тестирање од Националната референтна лабораторија до лаборантите. Одговорите од лаборантите кои работат директна микроскопија се доставуваат до Националната референтна лабораторија каде се анализираат резултатите, се подготвува извештај и се даваат препораки за надминување на недостатоците.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

5. Испраќање на примероци до СНРЛ во Милано

Еднаш до два пати годишно се испраќаат примероци-позитивни култури од болни со резистентни форми на туберкулоза до СНРЛ во Милано за проверка на квалитетот на работата на НРЛ и изработка на тест на чувствителност кон антитуберкулотици од втора линија.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

6. Исплата на патни трошоци за болните од туберкулоза и лицата кои биле во контакт со нив и кои се јавиле на контролен преглед во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје и ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле

Со цел за се постави дијагноза на туберкулоза како и да спроведат контролни прегледи според препораките на СЗО и ЕЦДЦ потребно е сите лица болни од туберкулоза да дојдат на преглед во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, а децата во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле. Износот на патните трошоци ќе биде исплатен според Одлуката за исплата на патни трошоци на болните од туберкулоза во тек на лекувањето и на лицата кои биле во контакт со нив донесена од старана на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, врз основа на член 35 од статутот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје. Се планира со оваа активност да бидат опфатени 160 болни и 400 контакти.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје и ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле

7. Работилница за туберкулоза за специјалисти со акредитација

Со цел освежување и надополнување на знаењата како и практично да се примени наученото, еднаш годишно се организира предавање за најмногу 25 специјалисти кои работат со туберкулоза. Работилницата е акредитирана од Македонското лекарско друштво и Лекарската Комора на Македонија

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

8. Годишен состанок на претставници од установите за белодробни заболувања и туберкулоза

Со цел да се зајакне контролата на туберкулозата во рамките на установите за контрола на туберкулозата еднаш годишно се организира состанок на раководителите, вкупно 20 на кој се презентираат извештаите за работата на установите во претходната година и се разгледува состојбата со туберкулозата на ниво на државата. Заклучоците од овој состанок се презентираат пред Комисијата за туберкулоза.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

9. Работилница за туберкулоза за медицински сестри

Со цел освежување и надополнување на знаењата како и практична примена на наученото, еднаш годишно се организира предавање за 40 медицински сестри.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

10.Работилница за туберкулоза за доктори од примарната здравствена заштита со акредитација

Со цел за поактивно вклучување во контролата на туберкулозата на докторите од Примарната здравствена заштита два пати годишно се одржува работилница за туберкулоза со учество до 25 доктори. Работилницата е акредитирана од Македонското лекарско друштво и Лекарската Комора на Македонија.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

11. Работилница за туберкулоза на медицински и немедицински кадри од казнено-поправни установи и психијатриски болници

Еднаш годишно се организира едукација за туберкулоза за вработениот медицински и немедицински персонал од казнено-поправните установи и психијатриските болници со цел подигање на нивото на знаење за туберкулозата и примена на Протоколот за контрола на туберкулозата во овие установи. На работилницата треба да учествуваат до 20 лица.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

12. Работилница за практичен пристап кон болестите на респираторниот систем наменета за специјалисти и доктори од општа пракса со акредитација

Со цел подобрување на пристапот на докторите кон болестите на респираторниот систем и туберкулозата планирано е еднаш годишно - советување, освежување на знаењата и стекнување на нови вештини за специјалистите и докторите од општа пракса. На работилницата се планира да учествуваат до 30 доктори.

Работилницата е акредитирана од страна на Македонското лекарско друштво и Лекарската комора на Македонија.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

13. Доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање на лица болни од туберкулоза

Сите лица со дијагностицирана туберкулоза пред почеток на лекувањето задолжително се советуват и тестираат за ХИВ според Протоколот за доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање. Во 2019 година се планира да бидат советувани и тестирани 160 лица.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, диспанзерите и

Стационарите.

14.Работилница за БЦГ имунизација, манту тест и лекување на латентна туберкулозна инфекција

Оваа работилница има за цел да го подобри пристапот на вработените во дијагноза и лекување на латентната туберкулозна инфекција од центрите за имунизација и установите за белодробни заболувања и туберкулоза ( лекари и медицински сестри). Се планира да бидат опфатени 30 здравствени работници.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

15. ДОТ активности

Овие активности имаат за цел непосредно да го контролираат лекувањето на болните од туберкулоза со цел да се спречи прекин и несоработка тек на лекувањето. По завршената посета односно советување се пополнува формулар на кој се потпишуваат болниот, членовите на неговото семејство и сите присутни. Формуларот се доставува до Централниот регистар за туберкулоза на ЈЗУ Институт за белодробни болести и туберкулоза каде се внесува во електронската база на податоци. Едновремено еден од членовите на семејството кој ја превзема обврската да го контролира болниот додека ги зема лековите и оди на закажаните контроли потпишува изјава за соработка со установата која ја спроведува ДОТ активноста. Обрасците со фактура за реализираната активност се доставуваат до Институтот од каде се врши исплата. Планирани се 250 посети/советувања..

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, сите стационари и диспанзери,

Избрани лекари, поливалентна патронажа

16.Набавка на тврди подлоги со глицерол Loewenstein Jensen „или еквивалент„

За бактериолошка потврда на туберкулозата потребна е набавка на цврсти подлоги Lowenstein Jenssen во количина од 8000 подлоги за ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје и микробиолошката лабораторија во Битола.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

17. Набавка на медицинска опрема

Набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза- Скопје.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

18. Набавка на медицински потрошен материјал хранителни подлоги Bactec Migit 960 ,BBl кит ,суплемент и калибратори копатибилни за Bactec Migit 960

За бактериолошка потврда на туберкулозата потребна е набавка на течни подлоги Бактек Мигит 960, во количина од 3000 парчиња.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

19. Набавка на имунохроматографски тест за идентификација на Mycobacterium tuberculosis на ниво на специес од култура компатибилен на Capilia TB

За разграничување на типичните од атипичните микобактерии потребно е да се направи идентификација. Потребни се околу 200 теста за идентификација.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

20. Набавка на тестови за симултана детекција на туберкулоза и резистенција на рифампицин компатибилен на Xpert MTB/Rif „или еквивалент„

Xpert MTB /Rif е еден од молекуларните тестови за дијагноза на туберкулоза кој е во примена во Институтот од 2014 година. За 2019 година има потреба од набавка на 1400 теста. Тестот се изведува само во националната референтна лабораторија.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

21. Набавка на потрошен материјал компатибилен за HAIN тест и атипични микобактерии

За типизација на атипичните микобактерии како и тест на резистенција на антитуберкулотици од втора линија потребно е да се набават 4 кутии по 12 теста, вкупно 48. Тестот се изведува само во националната референтна лабораторија.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

22. Набавка на кит за флуоресцентно боење за туберкулоза

За дијагноза на туберкулоза со микроскопија потребна е набавка на флуоресцентни бои во количина од 25 кита. Флуоресцентните бои се наменети за сите лаборатории за микробиолошка дијагноза на туберкулоза.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

23. Набавка на Elisa test кит за одредување на туберкулозна инфекција

За дијагноза на латентна туберкулозна инфекција има потреба од набавка на 500 теста за 2019 година. Тестот се работи во Националната референтна лабораторија во Институтот и во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

24. Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрираните случаи на туберкулоза

Набавката на антитуберкулотици од прва линија има за цел да спречи ширењето на туберкулозата преку лекување на сите новорегистрирани случаи на туберкулоза според стандардни режими на лекување препорачани од Светската здравствена организација. Лековите се наменети за лекување на сите болни од туберкулоза во диспанзерите и стационарите.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

25. Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на болни со резистентни форми на туберкулоза

Има за цел да го спречи ширењето на резистентните форми на туберкулоза, чие лекување е долготрајно, скапо и честопати неуспешно. Иако бројот на мулти и полирезистентни форми на туберкулоза во Република Македонија не е голем, сепак, неопходно е да се превземат сите превентивни мерки за спречување на појава на овие форми на туберкулоза. Нелекувањето на овие болни претставува можност за ширење на инфекција со тешки форми на болеста чие лекување трае најмалку 2 години со неизвесен исход и последици од лекувањето. Годишно во Македонија се регистрираат 2-3 нови случаи на мулти или полирезистентна туберкулоза.

Резистентните форми на туберкулоза (РР, мулти и полирезистентните) се лекуваат исклучиво во Институтот. Набавка и чувањето на лекови за овие форми на туберкулоза се врши од страна на Институтот врз основа на бројот на лица кои се лекуваат со нив.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

26. Набавка на лекови за купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија

Со цел купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија потребна е набавка на хапатопротектори, антихистаминици и Б комплекс за околу 150 лица.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

27. Набавка на РТГ филмови

За Институтот потребно е да се набават 4000 (35 пакувања по 100 ртг филмови) филма за контролни прегледи на болните од туберкулоза, како и за скрининг на сомнителни и лица кои биле во контакт со болен.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

28. Набавка на медицински потрошен материјал и лабораториски материјал

За потребите на лабораториите за дијагноза на туберкулоза потребно е да се набави медицински и лабораториски потрошен материјал.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

29. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - набавка на респиратори

За лицата кои се во непосреден контакт со болни од туберкулоза во стационарите за белодробни заболувања и туберкулоза во Република Македонија потребна е набавка на маски за лична заштита-респиратори. Респираторите се наменети за Институтот и стационарите за белодробни заболувања и туберкулоза. Потребни се 1000 респиратори.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

30. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - набавка на маски

За вработените во стационарите и диспанзерите потребна е набавка на средства за лична заштита-хируршки маски во количина од 50.000 парчиња. Маските се наменети за персоналот и болните од туберкулоза во установите за белодробни заболувања и туберкулоза.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

31. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција – набавка на ракавици

За вработените во стационарите и диспанзерите потребна е набавка на средства за лична заштита, ракавици во вкупна количина од 45.000 парчиња. Ракавиците се наменети за персоналот во установите за белодробни заболувања и туберкулоза.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

32. Набавка на услуги за ДДТ

За задолжителна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза поточно на магацинот за лекови и други простории, два пати годишно.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

33. Одржување и надградба на софтверот за електронска обработка на податоците за болните од туберкулоза во Република Македонија

ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза раководи со базата на податоци за случаите на туберкулоза во Република Македонија. Софтверот е лоциран во Институтот и има потреба од континуирано одржување.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

34. Подготовка на материјали и организирање на активности од програмата

Подготовка на состаноци (контактирање на учесници, подготовка на материјали, умножување), собирање на документи за реализираните активности од програмата, изработка на извештаи и сл.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

35. Набавка на прехрамбени и хигиенски пакети за болните од туберкулоза

Со цел успешно лекување на болните од туберкулоза и обезбедување на нивна подршка и подобра соработка во тек на лекувањето потребна е набавка на 700 прехрамбени и 700 хигиенски пакети.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

36. Координација и мониторинг на дистрибуција на пакети

Оваа активност подразбира идентификување на пациентите кои треба да примаат прехрамбени пакети врз основа на податоците од Централниот регистар за туберкулоза, координирање на активностите околу дистрибуција на прехрамбените и хигиенските пакети до 16 диспанзери за белодробни заболувања и туберкулоза како и водење на евиденција за примените пакети.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

37. Грижа за заедницата кај групи под ризик од туберкулоза

Оваа активност подразбира едукативни активности кај групи под ризик за ТБ (корисници на дроги, лица на лекување од зависност од дроги, затвореници, сексуални работници, лица кои живеат со ХИВ). Организирање едукативни настани и посети на припадниците на високоризични групи со цел скрининг за туберкулоза и информирање за сите ризици од болеста како и пристап до лекување.

-Едукација на ТБ пациентите и членовите на семејствата

- Одржување на работилници наменети за пациенти заболени од туберкулоза и членови на семејства со цел проверка на знаењата и ставовите за туберкулоза, информирање за болеста и подигање на свесноста, комуникација со таргетираната група и обезбедување на мотивациони пакетчиња и информативен материјал. ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори- Спроведување на скрининг.

Спроведување на 100 скрининзи квартално, набавување и делење на мотивациони пакети за целната група.

Спроведување на 10 мониторинг посети за следење на квалитетот на извршување на активноста.

Извршител: Здруженија

38. Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај високо ризични групи

Ангажирање на 4 лица за дистрибуција на покани меѓу ризичните групи со цел нивна мобилизација за флуорографско снимање, патни трошоци по лице. Набавка на мотивациони пакетчиња за мобилизација на таргетираните ризични групи за вкупно 2000 таргетирани лица. Печатење информативен материјал за подигање на свесноста и мобилизирање на ризичните групи за флуорографско снимање, 100 постери и 2.000 покани.

Извршител: Здруженија

39. Зајакнување на соработката со заедницата – Имплементација на локални

акциони планови за одржливост на програмата

Одржување работилници во соработка со локалната самоуправа за подигање на свесноста за туберкулоза и важноста од континуирано финансирање и спроведување на контролата на туберкулоза, развивање и спроведување на акциони планови за обезбедување одржливост на програмата за туберкулоза и поддршка од локалната самоуправа во спроведување на активности за контрола на туберкулоза.

Извршител: Здруженија

40. Поддршка и грижа за пациентите Експанзија на ДОТ Активности

Оваа активност подразбира континуитет на ДОТ активности, набавка на гориво за ДОТ посетите, 3000 посети годишно вкупно за сите таргетирани подрачја. Експанзија на ДОТ активности на територија на Република Македонија – Организирање тренинзи за градење на капацитетите на ДОТ волонтерите, мобилизирање на поливалентните сестри во теренски активности. Координирање и мониторирање на работата на поливалентните ДОТ сестри, градење на капацитети за лобирање и подигање на свесноста за болеста.

Извршител: Здруженија

**Табела 1 : Финансиски средства за реализација на програмата**

| Бр. | Активност | Извршител | Индикатор | Единечна цена во денари | Вкупен износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со селективна радиофотографија | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 5000 | 317,00 | 1.590.850,00 |
| **1.2.** | Дообработка на сомнителни ртг наоди: | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 150 | 2.900,00 | 435.000,00 |
| **2.** | Трошоци за скрининг на сомнителни за туберкулоза (партиципација) | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза,<br>ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-Козле,<br>другите стационари и диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза. | 1 | 146.000,00 | 146.000,00 |
| **3.** | Мониторинг - евалуација и стручно-методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 80 | 4.700,00 | 376.000,00 |
| **4.** | Редовна надворешна проверка на квалитетот на лабораториите | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 7 | 1.000,00 | 7.000,00 |
| **5.** | Испраќање на примероци до СНРЛ во Милано | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 2 | 30.000,00 | 60.000,00 |
| **6.** | Исплата на патни трошоци за болните од туберкулоза и лицата кои биле во контакт со нив и кои се јавиле на контролен преглед во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје и ЈЗУ Институт по белодробни | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза и ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-Козле | 160 болни и 400 лица од контакт | 240.000,00 | 240.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | заболувања кај децата-Козле | | | | |
| **7.** | Работилница за туберкулоза за специјалисти со акредитација | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 66.000,00 | 66.000,00 |
| **8.** | Годишен состанок на претставници од установите за белодробни заболувања и туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 24.000,00 | 24.000,00 |
| **9.** | Работилница за туберкулоза за медицински сестри | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 48.000,00 | 48.000,00 |
| **10.** | Работилница за туберкулоза за доктори од примарната здравствена заштита со акредитација | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 2 | 48.000,00 | 96.000,00 |
| **11.** | Работилница за туберкулоза на медицински и немедицински кадри од казнено-поправни установи и психијатриски болници | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 24.000,00 | 24.000,00 |
| **12.** | Работилница за практичен пристап кон болестите на респираторниот систем наменета за специјалисти и доктори од општа пракса со акредитација | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 36.000,00 | 36.000,00 |
| **13.** | Доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање на лица болни од туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, диспанзерите и Стационарите. | 160 | 240 | 38.400,00 |
| **14.** | Работилница за БЦГ имунизација, манту тест и лекување на латентна туберкулозна инфекција | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 36.000,00 | 36.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **15.** | ДОТ активности | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, сите стационари и диспанзери Избрани лекари поливалентна патронажа | 250 | 1.000,00 | 250.000,00 |
| **16.** | Набавка на тврди подлоги со глицерол Loewenstein Jensen ,,или еквивалент,, | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 8000 | 80,00 | 640.000,00 |
| **17.** | Набавка на медицинска опрема | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 4.535.350,00 | 4.535.350,00 |
| **18.** | Набавка на медицински потрошен материјал хранителни подлоги Bactec Migit 960 ,BBl кит ,суплемент и калибратори копатибилни за Bactec Migit 960 | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 3000 | 600,00 | 180.000,00 |
| **19.** | Набавка на имунохроматографск и тест за идентификација на Mycobacterium tuberculosis на ниво на спецsession од култура компатибилен на Capilia TB | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 200 | 700,00 | 140.000,00 |
| **20.** | Набавка на тестови за симултана детекција на туберкулоза и резистенција на рифампицин компатибилен на Xpert MTB/Rif ,,или еквивалент,, | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1400 | 2.400,00 | 3.360.000,00 |
| **21.** | Набавка на потрошен материјал компатибилен за HAIN тест и атипични микобактерии | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 4кутии x 12 теста | 200,000,00 | 200.000,00 |
| **22.** | Набавка на кит за флуоресцентно боење за туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 25 кита | 850,00 | 21.250,00 |
| **23.** | Набавка на Elisa test кит за одредување на туберкулозна инфекција | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 500 | 2.100,00 | 1.050.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **24.** | Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување нановорегистриранит е случаи на туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| **25.** | Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на болни со резистентни форми на туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| **26.** | Набавка на лекови за купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 150 болни | 400,00 | 60.000,00 |
| **27.** | Набавка на РТГ филмови | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 35 кутии ( 1 кутија 100 филма) | 7.200,00 | 252.000,00 |
| **28.** | Набавка на медицински потрошен материјал и лабораториски материјал | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1 | 200.000,00 | 200.000,00 |
| **29.** | Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција- набавка на респиратори | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1000 | 217,00 | 217.000,00 |
| **30.** | Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција маски | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 50000 | 2,50 | 125.000,00 |
| **31.** | Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција – набавка на ракавици | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 450 кутии (1кутија со 100 ракавици) | 227 | 102.150,00 |
| **32.** | Набавка на услуги за ДДТ | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 2 | 12.000,00 | 24.000,00 |
| **33.** | Одржување и надградба на софтверот за електронска обработка на податоците за болните од туберкулоза во Република Македонија | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 5 | 30.000,00 | 150.000,00 |
| **34.** | Подготовка на материјали и организирање на активности од програмата | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 4 | 20.000,00 | 80.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **35.** | Набавка на прехранбени и хигиенски пакети за болните од туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 700 прехранбен и и 700 хигиенски пакети | 2.500,00 | 1.750.000,00 |
| **36.** | Координација и мониторинг на дистрибуција на пакети | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 4 | 10.000,00 | 40.000,00 |
| **37.** | Грижа за заедницата кај групи под ризик од туберкулоза | Здруженија | 1 | 2.800.000,00 | 2.800.000,00 |
| **38.** | Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај високо ризични групи | Здруженија | 1 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| **39.** | Зајакнување на соработката со заедницата – Имплементација на локални акциони планови за одржливост на програмата | Здруженија | 1 | 200.000,00 | 200.000,00 |
| **40.** | Поддршка и грижа за пациентите Експанзија на ДОТ Активности | Здруженија | 1 | 400.000,00 | 400.000,00 |
| | Вкупно | | | | 25.000.000,00 |

V. НОСИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА
- Министерство за здравство

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА
- ЈЗУ Институт забелодробни заболувања и туберкулоза-Скопје;
- ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле;
- Другите стационари;
- Диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза во Македонија;
- Избрани лекари;
- Поливалентна патронажа;
- Избраните здруженија со соодветна експертиза за спроведување на програмата за туберкулоза.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство, квартално кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури. Ќе се врши исплата по склучени договори согласно програмата за туберкулоза и барања за повлекување на средства со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, прегледи на трошоци, поддржани со останати материјали (фотографии, аудио и видео снимки, написи, списоци на учесници, докази за извршена набавка, договори и друга документација дефинирана во договорите).

Извршителите на активностите подготвуваат и доставуваат квартални извештаи во рок од 10 дена по завршување на кварталот до Министерството за здравство.

Извор на средства за реализирање на планираните активности во Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулоза кај населението во Република Македонија за 2019 година е Буџетот на Република Македонија во висина од 25.000.000,00 денари, од кои 15.000.000,00 денари од основен Буџет и 10.000.000,00 денари од сопствени средства на Министерство за здравство.

Со оваа програма ќе се врши и исплата на неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2018 година во износ од 605.310,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11464/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**83.**

Врз основа на член 27 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 238/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2019 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени на Раздел 121.01 на Министерството за животна средина и просторно планирање, Потпрограма 21- Инвестиции во животната средина, за 2019 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2019 година од сметка 637-12, во износ од 130.800.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат врз основа на:

1. Јавни набавки кои ги објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за јавни набавки. Средствата ќе се наменат за финансирање на тековни и нови проекти како и кофинансирање на тековни донаторски проекти од областа животна средина.

2. Наменски дотации за општините од средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива за 2018 година. Средствата ќе се наменат за финансирање на проекти од областа животна средина, доставени од општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Кофинансирање на Проект за Третман на отпадни води во Кочани, со донација од Државниот секретаријат за економски работи на Швајцарија, SECO - Швајцарска Влада, и буџетски средства во износ од 52.000.000,00 денари за 2019 година.

2. Кофинансирање на повеќегодишен Проект за изградба на систем за водоснабдување и прочистување на отпадни води во Делчево - фаза 1 (со вкупна пресметковна вредност од 16.481.000 CHF, од кои 14.457.000CHF донација од Швајцарска Влада преку Државниот секретаријат за економски работи на Швајцарија - SECO и локална контрибуција од 1.194.000 CHF или 108.640.000,00 денари од Министерство за животна средина и просторно планирање и 840.002 CHF од општина Делчево) во износ од 5.500.000,00 денари за 2019 година.

3. Доизградба на доводен цевковод за водоснабдување на населени места од Општина Липково- Крак 2, Крак 3 и Крак 4 во вкупен износ од 45.500.000,00 денари.

4. Поврзување на пречистителна станица Глумово-Шишево, Општина Сарај со колекторскиот систем во вкупен износ од 3.000.000,00 денари.

5. Наменски дотации на општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир за проекти од областа животна средина во износ од 24.800.000,00 денари за 2018 година.

V

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од правни лица врз основа на јавна набавка, за намени од дел IV точки 1, 2, 3 и 4 на оваа програма.

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир врз основа на наменски дотации и спроведени јавни набавки од страна на општините, за намени од дел IV точка 5 на оваа програма.

VI

Исплатата на средствата од дел II став 2 точка 1 на оваа програма ќе се врши согласно договорите склучени меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и правните лица.

Исплатата на средствата од дел II став 2 точка 2 на оваа програма ќе се врши согласно договорите склучени меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11497/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**84.**

Врз основа на член 22 став (3) од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/14 и 106/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА 2019 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува хармонизацијата на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоцијата на националната инфраструктура на просторни податоци, креирањето на метаподатоци, хармонизација и стандардизација на просторните податоци и креирање на веб-услуги.

II

Активностите за остварување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) се:

**II.1. Хармонизација на националното со европското законодавство**

Во Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија е транспонирана европската директива INSPIRE (2007/2/ЕС). За целосна хармонизација на националното со европското законодавство се планирани следните активности:

| Р.бр. | Назив на субјект во НИПП | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | Донесување на Уредба за стандардите на метаподатоците | Јануари 2019 | Јуни 2019 |

**II.2. Подигнување на јавната свест и разбирање на визијата, концептите и придобивките од НИПП**

За подигнување на јавната свест се планирани следните активности:

| Р.бр. | Назив на субјект во НИПП | Збирка на просторни податоци | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | Одржување две работилници со субјектите во НИПП на теми:<br>– значењето на метаподатоците<br>– креирање и публикување на веб- услуги | Јануари 2019 | Декември 2019 |

**II.3. Креирање метаподатоци**

За креирање метаподатоци за збирките на просторни податоци, на националниот геопортал е поставена веб-алатка уредувач на метаподатоци која е достапна за користење за сите субјекти на НИПП. Креираните метаподатоци директно се сместуваат во каталогот за метаподатоци. Во следната табела се наведени збирките на просторни податоци за кои субјкетите во НИПП планираат креирање на метаподатоци и временскиот период за нивна реализација:

| Р.бр. | Назив на субјект во НИПП | Збирка на просторни податоци | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | – катастарски парцели и<br>– згради и други објекти | Јануари 2019 | Март 2019 |
| 2 | Агенција за планирање на просторот | – Просторен план на регионот на Источен плански реон | Јануари 2019 | Декември 2019 |
| 3 | Геолошки завод на Република Македонија | – хидрогеолошка карта на минералните, термалните и термоминералните води на РМ во размер 1:200.000,<br>– хидрогеолошка карта на РМ во размер 1:200.000,<br>– инженерско-геолошка карта на РМ во размер 1:200.000,<br>– инженерско-геолошка карта на РМ, реонизација на теренот по стабилност и сеизмичност во размер 1:200.000,<br>– карта на минерални суровини на РМ, рудни и рудоносни формации во размер 1:200.000,<br>– металогенетска карта на магматски формации на РМ во размер 1:200.000,<br>– основна геолошка карта на РМ во размер 1:200.000,<br>– тектонска карта на РМ во размер 1:200.000,<br>– геомагнетна карта на РМ во размер 1:500.000,<br>– гравиметриска карта на РМ во размер 1:500.000 и<br>– основна геолошка карта на РМ во размер 1:500.000 | Јануари 2019 | Декември 2019 |
| 4 | Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство | – недвижно културно наследство од особено значење манастир Св.Андреја – Матка,<br>– недвижно културно наследство од особено значење археолошки локалитет Хераклеја Линкестис,<br>– недвижно културно наследство од особено значење Св.Ѓорѓија Победоносец– Младо Нагоричане и<br>– недвижно културно наследство од особено значење Спомен - куќата на Лазар Личеновски | Јануари 2019 | Октомври 2019 |
| 5 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | – Ортофото карта (колор)<br>– Дигитален модел на теренот<br>– Земјишна покривка согласно со критериумите за СИЗП | Јануари 2019 | Март 2019 |

**II.4. Хармонизација и стандардизација на просторните податоци со INSPIRE**

Националниот геопортал обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски податоци согласно со член 5 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија, кои се сообразни со INSPIRE. Со оглед на фактот дека на геопорталот се достапни четири збирки на податоци и услуги кои се усогласени со техничките спецификации на INSPIRE-директивата, во текот на 2019 година ќе се одвиваат активности за хармонизација и стандардизација на збирките на просторни податоци наведени во следната табела:

| Р.бр. | Назив на субјект во НИПП | Збирка на просторни податоци | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | – патна мрежа во размер 1:25000, – железничка мрежа во размер 1:25000 и – класификација на земјиште во размер 1:25000 | Јануари 2019 | Декември 2019 |

**II.5. Изработка на веб-услуги за преглед на податоци (WMS) и нивно публикување на националниот геопортал**

Националниот геопортал обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски просторни податоци. Со оглед на фактот дека на геопорталот се достапни веб-услуги за преглед на четири збирки на податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, две од Центарот за управување со кризи, една од Геолошкиот завод на Република Македонија и една од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во текот на 2019 година ќе се одвиваат активности за изработка и публикување на веб-услуги за преглед на збирките на податоци наведени во следната табела:

| Р.бр. | Назив на субјект во НИПП | Збирка на просторни податоци | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | – патна мрежа во размер 1:25000, – железничка мрежа во размер 1:25000 и – класификација на земјиште во размер 1:25000 | Јануари 2019 | Декември 2019 |
| 2 | Агенција за планирање на просторот | – Просторен план на Република Македонија, – Просторен план на заштитните зони на изворот Рашче, – Просторен план на Охридско-Преспанскиот Регион, – Просторен план на Регионот на сливот на реката Треска и – Просторен план на Регионот на Источен плански реон. | Јануари 2019 | Ноември 2019 |
| 3 | Министерство за животна средина и просторно планирање | – мониторинг на животната средина. | Јануари 2019 | Декември 2019 |
| 4 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | – Ортофото карта (колор) – Дигитален модел на теренот – Земјишна покривка согласно со критериумите за СИЗП | Јануари 2019 | Март 2019 |

**II.6. Изработка на веб-услуги за преземање на податоци (WFS) и нивно публикување на националниот геопортал**

Националниот геопортал обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски просторни податоци. Со оглед на фактот дека на геопорталот се достапни веб-услуги за преземање на четири збирки на просторни податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, во текот на 2019 година ќе се одвиваат активности за изработка и објавување на веб-услуги за преземање на збирките на податоци наведени во следната табела:

| Р.бр. | Назив на субјект во НИПП | Збирка на просторни податоци | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | – патна мрежа во размер 1:25000, – железничка мрежа во размер 1:25000 и – класификација на земјиште во размер 1:25000. | Јануари 2019 | Декември 2019 |
| 2 | Државен завод за статистика | – население според главните возрасни групи (до 14 години, од 15 до 64 години и над 64 години), по региони | Јануари 2019 | Ноември 2019 |
| 3 | Министерство за животна средина и просторно планирање | – мониторинг на животната средина | Јануари 2019 | Декември 2019 |

**II.7. Создавање технички предуслови**

За реализација на програмските цели како технички предуслови се планираат следните активности:

| Р.бр. | Назив на субјект во НИПП | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | почеток (месец/година) | крај (месец/година) |
| 1 | Агенција за катастар на недвижности | – Одржување на националниот геопортал | Јануари 2019 | Декември 2019 |
| 2 | Агенција за катастар на недвижности | – Надградба на националниот геопортал | Јануари 2019 | Декември 2019 |
| 3 | Министерство за одбрана | – Надградба на системот преку „Изработка на апликативно решение за управување со просторни податоци“ | Јануари 2019 | Декември 2019 |

III

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во рамките на предвидените средства за секоја институција и се прикажани во следната табела:

| Назив на субјект во НИПП | Програма | Ставка | Износ на финансиски средства во денари |
|---|---|---|---|
| Агенција за катастар на недвижности | 2А | 485230 | 7.900.000,00 |
| Државен завод за статистика | 20 | 425 | 60.000,00 |
| Министерство за одбрана | 1А | 480 | 3.000.000,00 |

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени и од сопствените финансиски средства на Агенцијата за планирање на просторот во висина од 1.492.000,00 денари, дел од средствата од проектот „Development of Environmental Monitoring and Information System“ EuropeAid/139107/IH/SER/MK чија вкупна вредност изнесува 1.500.000,00 евра за реализација на активностите на Министерството за животна средина и просторно планирање и дел од средствата од проектот ИПА ТАИБ 2012 (No.Europe Aid/137754/IH/SER/MK) чија вкупна вредност изнесува 879.000,00 евра за реализација на активностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Финансиските средства за реализација на активноста II.3. Креирање метаподатоци за Геолошкиот завод на Република Македонија и Министерството за култура - Управата за заштита на културното наследство се обезбедени од Буџетот на Агенцијата за катастар на недвижности.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11547/1-18 Претседател на Владата
8 јануари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**85.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 8 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

**1. Болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа**

Пациентите со хроничната бубрежна инсуфициенција се лекуваат со хемодијализа за нивно оспособување за вршење на секојдневните активности.

1.1.Обезбедување на лекување на најмногу 20 пациенти од Република Албанија, како итни случаи за хемодијализа во траење од еден циклус, за една година во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга кои се опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

1.2.Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување.

Со оваа активност се покриваат трошоците за хроничен дијализен третман за лица кои во периодот на отпочнување на хемодијализниот третман немаат здравствено осигурување во временски период од максимум 60 дена , кој е доволен за регулирање на здравственото осигурување.

Извршители:центри за хемодијализен третман

Индикатор: број на пациенти со покриени трошоци за хроничен хемодијализен третман

1.3. Превенција од вирусен хепатит Б за пациентите на хроничен дијализен третман кои се државјани на Република Македонија

1.3.1 Групна набавка на Хепатит Б адулт вакцини од страна на ЈЗУ ЦЈЗ Скопје за потребите на 10-те центри за јавно здравје;

Извршител: ЈЗУ Центар за јавно здравје - Битола

Рок на извршување: мај 2019

Индикатор: склучени договори по спроведена постапка за јавна набавка и записник од прием на вакцини

1.3.2 Спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа

Извршител: 10-те центри за јавно здравје

Рок на извршување: континирано

Индикатор: извештај за број на пациенти на хемодијализа вакцинирани/ ревакцинацинирани со Хепатит Б вакцина.

**2. ПРЕВЕНЦИЈА НА КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ЛИЦАТА СО ХЕМОФИЛИЈА**

Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава т.н. фактор VIII или фактор IX во доволни количини. Доколку овие лица адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив може да настанат сериозни компликации.

Покрај активностите за лекување на лицата со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап. Целта е подобрување на состојбата на овие лица преку рано препознавање и навремено лекување, нивна едукација и едукација на нивните семејства и други активности. Затоа Центарот за хемофилија при ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина (ЈЗУ ИТМ) заедно со граѓанските здруженија ги проширува досегашните активности со цел да прерасне во Центар за сеопфатна грижа.

**3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина во вкупен износ од 7.000.000,00 денари, согласно одобрените средства од основниот буџет во висина од 2.000.000,00 денари и 5.000.000,00 денари од буџетот на самофинансирачки активности. Распределбата на финансиските средства по планирани активности и извршители, прикажани се во Табела број 1.

Табела број 1

| Вид на активост | Потребни финансиски средства (ден.) | Извршител |
|---|---|---|
| 1.1 Потребни средства за дијализа на пациенти опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки | 2.500.000,00 | ЈЗУ „Завод за нефрологија Струга“ |
| 1.2 Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување до најмногу 60 дена | 2.950.000,00 | Хемодијализни центри |
| 1.3 Превенција од вирусен хепатит Б за пациентите на хроничен дијализен третман кои се државјани на Република Македонија | 1.500.000,00 | 10-Центри за јавно здравје |
| 1.4 Превенција на хемофилија по пат на едукативни активности (семинари,флаери и брошури ) | 50.000,00 | ИТМ (Центар за хемофилија ) |
| ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА: | 7.000.000,00 денари | |

Во рамките на оваа програма ќе се исплатат и неизмирени обврски за 2018 година.

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените.

**4. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Извршители на оваа програма се ЈЗУ Завод за нефрологија Струга, здравствените установи во кои пациентите се лекуваат со хемодијализа, 10-те центри за јавно здравје и ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина - Центар за хемофилија.

**5.НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ**

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата до здравствените уста-нови за хемодијализен третман извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма, фактурирани согласно референтните цени на Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија. Здравствените установи каде се спроведува дијализа на пациентите, вршат поединечно фактурирање за секој пациент со извештај и доказен материјал во прилог.

Центрите за јавно здравје доставуваат во прилог на фактурата и копија од рамковната спогодба за јавна набавка, копија од склучен договор за набавка со најповолен понудувач и испратница за достава на вакцините.

**6. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ**

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма доставуваат месечни извештаи за реализирани активности согласно роковите за извршување наведени во оваа програма, а годишен извештај за реализирани активности за 2019 година до Министерството за здравство најдоцна до 15.2.2020 година.

**7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли најмалку на секои три месеци во јавните здравствени установи извршители на оваа програма, во делот на реализирани активности согласно оваа програма.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11553/1-18<br>8 јануари 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

**86.**

Врз основа на член 16 став 2 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2019 година се однесува на:

I. Организиран скрининг за рана детекција на рак на дојка

II. Опуртунистички скрининг за рана детекција на колоректален карцином

III. Скрининг за превенција и рано откривање на рак на грлото на матката

IV. Промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата

V. Изготвување на прва национална епидемиолошка студија за рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево во Република Македонија

I.Организиран скрининг за рана детекција на рак на дојка

1. Вовед

Ракот на дојката е најчесто малигно заболување кај жените во светот и во Република Македонија. Во просек, секоја осма жена во својот животен век ќе се соочи со оваа болест. Воедно ракот на дојката е водечка причина за смртност и претставува глобален проблем. Но, со детекција во рана фаза се намалува смртноста и до 30%. Единствена докажана метода за рана детекција е мамографијата која може да го детектира карциномот во негова предклиничка фаза. Во повеќе од 30 земји во светот постојат организирани национални програми за рано откривање на рак на дојка т.н скрининг што подразбира редовни мамографски прегледи на одреден временски интервал на жени на одредена возраст, кои се навидум здрави, односно немаат клинички симптоми на рак на дојка.

Примарна цел на раната детекција (скрининг) е намалување на смртноста од рак на дојката, подобрување на квалитетот на животот на пациентката и намалување на потребата од радиотераписки и онколошки третмани. Поради тоа Министерството за здравство следејќи ги препораките на Европска Унија, Светската Здравствена организација како и примерите на повеќето земји во Европа, САД, Канада и Австралија, во април 2015 година започна да спроведува организиран скрининг, по претходно усвоена Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дојка и негово соодветно третирање во Република Македонија. (Национална комисија).

Приоритети и цели

Главна цел

Детекција на карцином на дојка во ран стадиум на жените во Република Македонија, преку спроведување на скринингот, а следејќи ги европските препораки за спроведување на организиран скрининг.

Дополнителни цели
- Подигање на свеста на жената за значењето на редовните преглед и раното откривање на карциномот;
- Зајакнување на капацитетот на здравствените установи за спроведување на скрининг во поглед на кадар и опрема;
- Надградба на системот за собирање и обработка на податоци за скринингот;
- Воведување на контрола на квалитетот на услугите во спроведување на скринингот.

2. Показатели на успешност
Индикатори на успешност на спроведување на главната цел се:
- број на извршени снимања
- број на жени со позитивен наод
- број на жени со позитивен наод во ран стадиум
План за спроведување или операционализација на мерките и активностите

| | **Програмата е :** | **√ Хоризонтална** | | | | **Вертикална** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** |
| | | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Финансиски (МКД)** |
| | | | | | | I год. |
| Скриниг програма | Организација на скриниг програмата во делот на повикување на жени и доставување на одговори и центар за комуникации | Министерство за здравство, Управа за електронско здравство | Институт за јавно здравје Национална комисија | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 1.250.000,00 |
| Ситуациона анализа | Изработка на ситуациона анализа за начинот на спроведување на скрининг програмата | Институт за Епидемиологија и Биостатистика – Медицински факултет | Министерство за здравство, Управа за електронско здравство, Институт за јавно здравје, Национална комисија | 01.01.2019 | 30.06.2019 | 300.000,00 |
| Мамографски активности | Мамографски активности (снимање,читање, супервизија) | Јавно здравствени установи | Министерство за здравство Национална комисија, Институт за јавно здравје | 01.02.2019 | 31.12.2019 | 6.000.000,00 |
| Контрола на квалитет на сите мамографски центри во ЈЗУ | Експерти од ПМФ ќе вршат континуирана контрола на квалитет на мамографските кабинети кои што учествуваат во програмата | Природно математички факултет | Министерство за здравство, Национална комисија | 01.02.2019 | 31.12.2019 | 1.000.000,00 |
| Надградба на софтвер за скрининг | Надградба на софтверско решение со модул за двојно читање и супрвизија | Министерство за здравство | Управа за електронско здравство | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 500.000,00 |
| Организирање на кампања и промотивен материјал | Организација на прес конференција Настапи на стручни лица преку медиумите Организирање на предавања, трибини во разни средини Печатење на плакати, брошури | Институт за јавно здравје | Министерство за здравство | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 60.000,00 |
| Изработка на извештаи | Изработка на квартални и годишни извештаи со епидемиолошки коментари и анализа на состојби | Институт за јавно здравје | | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 60.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **9.170.000,00** |

II. Опуртунистички скрининг за рана детекција на колоректален карцином

1. Вовед

Скрининг со ФОБ тестови, се спроведува на здрава популација без симптоми на болест кај мажите и жените на возраст од 50-70 години, со цел да се открие скриено крварење во фецесот и да се проследи пациентот на понатамошно испитување со колоноскопија, која ќе овозможи дијагностицирање на болеста, (рак на дебело црево).

Раната детекција на болеста овозможува да се подобри квалитетот на животот, да се продолжи животот на заболениот и да се намалат трошоците за скапото лекување.

2. Приоритети и цели

Целта на програмата е намалување на морбидитетот и морталитетот на населението од рак на дебелото црево.

Специфични цели

Подигнување на свеста кај населението за важноста од редовни превентивни прегледи и вклученост во опортунистичкиот скрининг.

3. Показатели за успешност со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво

Индикатори на успешност на спроведување на скринингот се:

Број на лица опфатени со скрининг

Број на направени ФОБ тестирања

Морбидитет од рак на дебело црево

Морталитет од рак на дебело црево

Процесни индикатори:

Организација на прес конференција

Организиран настан по повод март-месец за борба против КРК

Број на настапи преку медиумите

Број на отпечатени пропагандни материјали

**План за спроведување или операционализација на мерките и активностите**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **План за спроведување на опортунистички скрининг за рана детекција на колоректален карцином** | | | | | | | |
| **Цел на програмата: Намалување на инциденцата и мотралитетот на населението од рак на дебелото црево во РМ** | | | | | | | |
| **Показател за успешност: Број на лица опфатени со опортунистичкиот скрининг** | | **Појдовна основа: Предвиден опфат 1600 лица** | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: 100% реализација на задачите, 95% од предвидениот опфат** | | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Организациски облик/лице** | **Финансиски средства** |
| Бесплатен ФОБ тест | Анализа на ФОБ тест, известување, водење евиденција | тековно | тековно | тековно | тековно | | 240.000,00 |
| Спроведување на скринингот | Координација на скринингот од страна на 10-те ЦЈЗ | тековно | тековно | тековно | тековно | | 100.000,00 |
| Организација на превентивна кампања | Организација на прес конференција Организација на настан во Скопје и општините на 10-те ЦЈЗ по повод Март – месец за борба против КРК | 1 | | 1 | | ИЈЗ Сектор за промоција, анализи и следење на незаразни болести 10 ЦЈЗ | 30.000,00 |
| | Настапи на стручни лица преку медиумите | 5 | | 5 | | Институт за јавно здравје, Центри за јавно здравје, Македонско лекарско друштво | 0,00 |
| Изготвување на едукативни/ информативни материјали | Печатење на постер и брошури | Број на постери и брошури | | | | Институт за јавно здравје, Сектор за промоција, анализи и следење на незаразни болести | 80.000,00 |
| Известување за резултати од скринингот на КРК | Изготвување на квартални извештаи | 1 | 1 | 1 | 1 | Институт за јавно здравје, Сектор за промоција, анализи и следење на незаразни болести | 48.000,00 |
| | Изготвување на годишен извештај | 1 | | | | Институт за јавно здравје, Сектор за промоција, анализи и следење на незаразни болести | 12.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | | **510.0000,00** |

III.Скрининг за превенција и рано откривање на рак на грлото на матката

1. Вовед

Карциномот на грлото на матката (КГМ ) во светот учествува со 10% во вкупниот број на малигни неоплазми. Тој е дванаесетти по честота и петти по смртност рак кај жените во светот. Заболуваат околу 490 000 новорегистрирани случаи секоја година или 16 од 100.000 жени годишно, а околу 9 од 100.000 жени умираат.

Организираниот скрининг за превенција и рано откривање на ракот на грлото на матката е активност што се спроведува во повеќе држависо цел да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката. Оправданоста на спроведувањето на оваа програма се потврдува со фактот што секоја година се откриваат случаи на карцином кај жени кои немале никакви знаци на болеста.

За успешно спроведена скрининг програма се смета доколку во период од 3 години се опфатат 75% од целната популација.

2. Приоритети и цели

Главна цел е да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката во Република Македонија.

Специфични цели:

1. Зголемување на бројот на лица опфатени со организираниот скрининг
2. Подигнување на свеста кај жените за важноста од редовни превентивни прегледи и вклученост во организираниот скрининг
3. Зголемување на бројот на гинеколози вклучени во организираниот скрининг
4. Подобрување на системот за следење и известување, со воведување на електронско известување

3. Показатели на успешност

Успешноста ќе се мери преку следните показатели на успешност:

- Број на анализирани ПАП тестови
- Број на лица со откриени клеточни абнормалности
- Број на лица со откриен рак на грлото на матката
- Функционален систем за електронско известување

Процес индикатори:

- Број на поканети лица
- Број на лица кои примиле покана и се јавиле на преглед
- Број на земени ПАП тестови
- Организација на прес конференција
- Број на настапи преку медиумите
- Број на организирани предавања и трибини
- Број на отпечатени пропагандни материјали
- Број на гинеколози вклучени во организираниот скрининг
- Број на гинеколози информирани за скринингот
- Број на гинеколошки ординации кои доставуваат извештаи
- Број на цитолошки лабаратории кои доставуваат извештаи
- Број на изготвени квартални и годишни извештаи

4. Мерки, активности и показатели на успешност

Мерките, активностите и показателите за успешност се прикажани во Планот за спроведување или операционализација на мерките и активностите на програмата (во прилог)

**План за спроведување или операционализација на мерките и активностите**

| **Главна цел: Намалување на инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката во РМ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Зголемување на бројот на лица опфатени со организираниот скрининг** | | | | | | | |
| **Показател за успешност: Број на лица опфатени со организираниот скрининг** | | | **Појдовна основа: 30.000 лица** | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: 35.000 лица кои направиле ПАП тест во рамки на организираниот скрининг** | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Организациски облик/лице** | **Финансиски средства** |
| Повикување на жени на возраст 36-45 години да направат ПАП тест | Испратени 32.000 покани од гинеколошките ординации | 8.000 x 30,00 | 8.000 x 30,00 | 8.000 x 30,00 | 8.000 x 30,00 | Гинеколошки ординации, гинеколози | 960.000,00 |
| Ажурирање на адресите на жените | Контакт со МВР и други релевантни институции за добивање точни податоци | | | | | Гинеколошки ординации, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи, Фонд за здравствено осигурување на Македонија, Управа за електронско здравство. | 0,00 |
| Превентивни прегледи (ПАП тест) | Вршење на 24.000 прегледи, доставување на материјал до цитолошки лаборатории, известување | 6000 x 200,00 | 6000 x 200,00 | 6000 x 200,00 | 6000 x 200,00 | Гинеколошки ординации | 4.800.000,00 |
| Анализа на ПАП тестови, известување | Припрема на препаратите, анализа, доставување извештај | 6000 x 60,00 | 6000 x 60,00 | 6000 x 60,00 | 6000 x 60,00 | Цитолошки лаборатории | 1.440.000,00 |
| **Вкупно** | | | | | | | **7.200.000,00** |
| **Подигнување на свеста кај жените за важноста од редовни превентивни прегледи и вклученост во организираниот скрининг** | | | | | | | |
| **Показатели за успешност: Организација на прес конференција Број на настапи преку медиумите Број на организирани предавања и трибини Број на отпечатени пропагандни материјали** | | | **Појдовна основа:** | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: Организирана 1 прес конференција Реализирани 20 настапи на стручни лица преку медиумите Организирани 20 предавања/ трибини Отпечатени плакати и брошури** | | |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Организациски облик/лице | Финансиски средства |
| Организација на превентивна кампања | Организација на прес конференција | | 1 | | | Институт за јавно здравје | 30.000,00 |
| | Настапи на стручни лица преку медиумите | | 10 | 10 | | Институт за јавно здравје, Центри за јавно здравје, Македонско лекарско друштво | 20.000,00 |
| | Организирање на предавања, трибини во разни средини | | 10 | 10 | | Центри за јавно здравје | |
| Изготвување на едукативни/ информативни материјали | Печатење на постер и брошури | Број на постери и брошури | | | | Институт за јавно здравје | |
| **ВКУПНО** | | | | | | | **50.000,00** |
| **Зголемување на бројот на гинеколози вклучени во организираниот скрининг** | | | | | | | |
| **Показател за успешност:**<br>**Број на гинеколози вклучени во организираниот скрининг**<br>**Број на гинеколози информирани за скринингот** | | | **Појдовна основа:**<br>**100 гинеколози вклучени во организираниот скрининг** | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>**140 гинеколози вклучени во организираниот скрининг**<br>**Организиран состанок со Здружението на гинеколози** | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Организациски облик/лице** | **Финансиски средства** |
| Воспоставување контакти со гинеколози кои не се вклучени во скринингот | Контактирање на матичните гинеколози | континуирано | | | | Центри за јавно здравје | 20.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | | **20.000,00** |
| **Подобрување на системот за следење и известување, со воведување на електронско известување** | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Показател за успешност:<br>Број на гинеколошки ординации кои доставуваат извештаи<br>Број на цитолошки лаборатории кои доставуваат извештаи<br>Функционален систем за електронско известување<br>Број на изготвени квартални и годишни извештаи** | | | **Појдовна основа:<br>100 ординации известуваат<br>10 цитолошки лаборатории известуваат<br>Немање систем за електронско известување** | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:<br>140 ординации известуваат<br>14 цитолошки лаборатории известуваат<br>Воспоставен систем за електронско известување (1)<br>Број на едуцирани гинеколози (50)<br>Број на изготвени квартални и годишен извештај (45)** | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Организациски облик/лице** | **Финансиски средства** |
| Воспоставување електронски систем за известување | Надградба на софтвер | | | 1 | | Министерство за здравство со Управа за електронско здравство | 300.000,00 |
| Едукација на гинекологите за новиот начин на известување | Организација на обука за гинеколозите | | | | 1 | Министерство за здравство, Институт за јавно здравје, Македонско лекарско друштво , Управа за електронско здравство | 20.000,00 |
| Известување | Изготвување на квартални извештаи | 1 | 1 | 1 | 1 | 10 Центри за јавно здравје | 100.000,00 |
| | Изготвување на квартални извештаи | 1 | 1 | 1 | 1 | Институт за јавно здравје | 48.000,00 |
| | Изготвување на годишен извештај | 1 | | | | Институт за јавно здравје | 12.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | | **480.000,00** |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | | | | **7.750.000,00** |

5.Спроведување на процесот на следење, оценување и известување

Гинеколошките ординации вршат:
- поканување на жените да се вклучат во организираниот скрининг
- преглед на жените со земање на материјал за ПАП тест
- доставување на материјалот до цитолошката лабораторија
- известување на жените за резултатот од ПАП тестот
- доставување на месечни/квартални извештаи до Центрите за јавно здравје.
- Цитолошките лаборатории вршат:
- Припрема на материјалите (ПАП тест)
- Преглед на материјалот
- Издавање на извештај за секоја пациентка
- Доставување на месечни/квартални извештаи до Центрите за јавно здравје.

Центрите за јавно здравје:
- Координација на активностите на локално ниво (контакти со гинеколошките ординации, цитолошките лаборатории)
- Прибирање на извештаи од гинеколошките ординации и цитолошките лаборатории и изготвување на квартални извештаи
- Дистрибуција на пропаганден материјал
- Одржување на предавања за важноста на скринингот
- Организација на активности во рамки на кампањата на локално ниво, со учество на стручни лица во локалните медиуми

Институтот за јавно здравје на Република Македонија:
- Координација на сите активности поврзани со скринингот на локално и национално ниво
- Изготвување на квартални и годишен извештај
- Изготвување на стручни публикации, анализи, со доставување препораки до Министерството за здравство
- Организација на кампања
- Изготвување и дистрибуција на пропагандни материјали
- Едукација на стручни лица.

IV. Промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата

1. Вовед

Карциномот на простата е најчест вид на рак меѓу машката популација. Главен ризик фактор е возраста. Ризикот е поголем доколку еден или повеќе членови во семејството имале карцином на простата. За рана детекција на рак на простата потребно е секој маж над 50 години да направи ПСА тестирање со ректално туше.

Бројот на новорегистрина пациенти во Република Македонија за 2017 година е 20 пациенти. За таа цел Министерсвтото за здравство ќе организира кампања за подигнување на свеста кај машката популација за превенција и рано откривање на ракот на простата, во насока матичните лекари да им препорачуваат на сите мажи на возраст од 50-55 години и оние со фамилијарен ризик од 40-50 години да направат превентивни прегледи на секундарно и терциерно ниво.

**План за спроведување или операционализација на мерките и активностите .**

| **Мерки** | **Активности** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Финансиски (МКД)** |
| Изготвување на едукативни/информативни материјали, | Печатење на плакати, брошури | Институт за јавно здравје | Министертсво за здравство | 01.09.2019 | 01.12.2019 | 10,000,00 |
| Организација на превентивна кампања за подигнување на свеста кај машката популација за превенција и рано откривање на ракот на простата, | Организација на прес конференција | Институт за јавно здравје, Универзитски Клиники | Министерство за здравство | 01.11.2019 | 01.12.2019 | 90,000,00 |
| | Настапи на стручни лица преку медиумите | Институт за јавно здравје на РМ, Центри за јавно здравје, Македронско лекарско друштво, Универзитетски Клиники | Министерство за здравство | 01.11.2019 | 01.12.2019 | |
| | | | | | | |
| | Организирање на предавања, трибини во разни средини | Центри за јавно здравје | Министерство за здравство | 01.11.2019 | 01.12.2019 | |
| **ВКУПНО** | | | | | | **100.000,00** |

V.Изготвување на национална епидемиолошка студија

1. Вовед

Целта на оваа активност е да се спроведе прва национална епидемиолошка студија за рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево во Република Македонија со интенција за точен увид во морбидитетна статистика и вклучување на нашата земја во релевантните европски здравствени бази на податоци.

2. Показатели на успех:

- преваленца на рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево во Република.Македонија;
- географската дистрибуција, демографските карактеристики на случаите со рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево во Република.Македонија
- број/вид на потенцијалните ризик фактори за појава на рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево во Република.Македонија;
- листа на проблеми/предлози на лекарите за унапредување на регистрацијата на морбидитетот од рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево во системот Мој Термин;
- број на лекари обучени за важноста од точното и навремено регистрирање на морбидитетот од рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево;
- број на европски здравствени бази каде Република.Македонија ќе биде преставена со свои податоци за рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево.

**План за спроведување или операционализација на мерките и активностите на програмата**

| Програмата е : √ Хоризонтална | | | | Вертикална | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мерки | Активности | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси |
| | | | | Почеток (ден/год) | Крај (ден/год) | Финансиски (МКД) |
| Изготвување на национална епидемиолошка студија | Утврдување на преваленцата на рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево и укажување на географската дистрибуција, демографските карактеристики и потенцијалните ризик фактори | Институт за епидемиол. и биостатист. Медицински Факултет Управа за електронско здравство | Министерство за здравство | 01.01.2019 | 30.9.2019 | 400.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **400.000,00** |

**Финансирање на програмата:**

| **Реден број.** | **Активности** | **Финансиски средства** |
|---|---|---|
| 1. | Организиран скрининг за рана детекција на рак на дојка | 9.170.000,00 |
| 2. | Опуртунистички скрининг за рана детекција на колоректален карцином | 510.000,00 |
| 3. | Скрининг за превенција и рано откривање на рак на грлото на матката | 7.750.000,00 |
| 4. | Промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата | 100.000,00 |
| 5. | Изготвување на прва национална епидемиолошка студија за рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево во Р.Македонија | 400.000,00 |
| 6. | Исплата на долгови 2016-2018 година | 6.070.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **24.000.000,00** |

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија наменети за Програмата за рана детекција на малигните заболувања во Република Македонија во висина од 24.000.000,00 денари. Распределбата на средствата по оваа програма ќе ја врши Министертсво за здравство на јавните здравствени установи, приватните здравствени установи кои имааат потпишано договор со Фондот на здравствено осигурување на Македонија и други извршители на активностите наведени во Програмата, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11554/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**87.**

Врз основа на член 40 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18), а во врска со член 49 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА

**I. Со оваа програма се финансираат активностите од научно-истражувачката работа, и тоа за:**

1. Програми на јавните научни установи и единиците насочени кон науката при државните универзитети,
2. Национални научно-истражувачки проекти,
3. Билатерални научно-истражувачки проекти,
4. Издавачка дејност (печатење на научни книги),
5. Организација на научни собири,
6. Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство,
7. Студиски престои во странство и престој на странски научни истражувачи во Република Македонија,
8. Објавување на научни трудови во странски научни списанија (со импакт фактор),
9. Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на втор и трет циклус во земјата и странство:
   - стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа,
   - стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа,
   - еднократен надомест за одбрана на магистерски труд,
   - еднократен надомест за одбрана на докторски труд,
   - стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката,
   - стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филм, филмска академија-Охрид,
   - стипендии и уписнини за постдипломски студии по старотурски јазик,
   - стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка,
   - објавување на творечки субвенции за творечки дејности,
   - стипендии за студии од втор и трет циклус на студии на странски државјани кои престојуваат во Република Македонија по основ на билателарна и мултилатерална меѓународна соработка,
   - стипендии „Борис Трајковски” за студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд,
   - стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/04, 9/06 и 157/07),
10. Програма за техничка култура,
11. Државна награда „Гоце Делчев”,
12. Контрибуција разни членарини во меѓународни организации,
13. ЦЕЕПУС и
14. Други расходи-исплата на експертски и советодавни тела, рецензии за проекти и наплата на фактури за објавени конкурси и други активности.

**1. Програми на јавните научни установи и единиците насочени кон науката при државните универзитети**

Со ваа програма ќе се финансираат следните научно-истражувачки активности: научно-истражувачки проекти, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири, студиски престои во странство, научно-истражувачка инфраструк-

тура и престој на странски научни истражувачи во Република Македонија. Овие научно-истражувачки активности се од јавен интерес на државата од областа на историскиот и културниот идентитет на македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите што живеат во Република Македонија.

**2. Национални научно-истражувачки проекти**

Континуираната научно-истражувачка работа низ научно-истражувачки проекти во природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, медицинските науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки и хуманистички науки, претставува перманентна ориентација. Државните високо образовни установи вршат фундаментално, развојно и применето истражување, а кои се од големо значење за афирмирање на научно-9стражувачката работа во нашата држава. Покрај фундаменталното значење, вложувањата во научно-истражувачката работа се во функција на забрзаниот економски развој.

Од друга страна, активното вклучување на младите истражувачи во научно-истражувачката работа превентивно делува на „одливот на мозоци" од државата, а користењето на потенцијалот на младиот научен кадар обезбедува временски далекусежно стабилен и континуиран развој на државата.

**3. Билатерални научно-истражувачки проекти**

Континуираната научно-истражувачка работа низ научно-истражувачки проекти во природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, медицинските науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки и хуманистички науки, претставува перманентна ориентација. Државните високо образовни установи вршат фундаментално, развојно и применето истражување, а кои се од големо значење за афирмирање на научно-истражувачката работа во билатералната соработка со: Словенија, Хрватска, Турција, Бугарија, Србија, Црна Гора, Кина, Албанија, Австрија, Полска, Чешка, Босна и Херцеговина, Франција и др. Покрај фундаменталното значење, вложувањата во научно-истражувачката работа се во функција на забрзаниот економски развој.

Од друга страна, активното вклучување на младите истражувачи во научно-истражувачката работа превентивно делува на „одливот на мозоци" од државата, а користењето на потенцијалот на младиот научен кадар обезбедува временски далекусежно стабилен и континуиран развој на државата.

**4.Издавачка дејност (печатење на научни книги)**

Резултатите од научно-истражувачката работа се главен индикатор за активноста на научните работници. Тие се верификуваат преку нивно објавување во форма на трудови во печатени научни книги и научни списанија, печатеното издаваштво е незаменлив начин на комуникација на научниот работник со соодветна научна јавност, но и пошироко.

**5. Организација на научни собири**

Програмата предвидува финансиска поддршка за организирање на научни собири од национален и меѓународен карактер во Република Македонија каде што се презентираат најновите достигнувања во соодветна научна област преку презентација на научни трудови (орална и постер презентација).

**6. Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство**

Усовршувањето на домашни истражувачи на научни собири во странство се остварува преку нивно активно учество на конгреси, конференции, симпозиуми и семинари. За овие учества на научни собири во странство се покриваат дел од патните трошоци.

**7. Студиски престои во странство и престој на странски научни истражувачи во Република Македонија**

Еден од инструментите за поддршка на усовршувањето на домашните научно-истражувачки кадри во странство е кофинасирањето на студиските престои. Во доделувањето на овие средства ќе се применат критериумите за селекција на апликантите за ваков вид на поддршка врз основа на должината на престојот, статусот на институцијата каде ќе се престојува, програмата на престојот и др.

**8. Објавување на научни трудови во странски научни списанија (со импакт фактор)**

Се доделуваат средства за печатење на научните трудови на наши научни истражувачи во странски научни списанија (вреднувани со импакт фактор).

**9. Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на втор и трет циклус во земјата и странство:**

- стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- еднократен надомест за одбрана на магистерски труд,
- еднократен надомест за одбрана на докторски труд,

- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката,

- стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филм, филмска академија-Охрид,

- стипендии и уписнини за постдипломски студии по старотурски јазик,

- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка,

- објавување на творечки субвенции за творечки дејности,

- стипендии за студии од втор и трет циклус на студии на странски државјани кои престојуваат во Република Македонија по основ на билателарна и мултилатерална меѓународна соработка,

- стипендии „Борис Трајковски" за студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд и

- стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.46/04, 9/06 и 157/07).

**10. Програма за техничка култура**

Потребните средства за поттикнување и помагање на техничката култура се определени врз основа на предлог-програмите за работа/проектите, изготвени од носителите на техничката култура кои имаат јавни овластувања за вршење на оваа работа доделени од Министерството за образование и наука.

- Обука за техничка култура (програмски активности-програми за работа/проекти)

Средствата ќе се наменат за обука преку: организирање семинари и курсеви во домовите за техничка култура и струковите сојузи; организирање и учество на регионални, државни и меѓународни натпревари на талентирани ученици од основните и средните училишта во областа на природните и техничките науки; организирање и одржување собири, фестивали и изложби од државен и меѓународен карактер и други активности поврзани со развојот и унапредувањето на техничката култура.

Со средствата од Буџетот на Република Македонија за 2019 година ќе се поддржат и следните конкретни активности на државно ниво: Државен натпревар на млади техничари и природници; Државен натпревар, „Наука на младите"; Државен натпревар на млади и возрасни трактористи; Државен собир на радиоаматерите; Државен собир на воздухопловните и ракетните моделари; Државна изложба; Денови на македонската фотографија; Државен фестивал на непрофесионалниот филм; летни фото и филмски школи; МАКИНОВА 2019, ЕКОНОВА 2019, Посета и организирање на саемски манифестации од класта на техничката култура на Државно и меѓународно ниво и Изложба на наградени истражувачки и иновативни проекти на ученици од основното и средното образование од областа на техничката култура.

Со средствата од Буџетот на Република Македонија за 2019 година ќе се финансираат и потребите за задолжителна котизација во меѓународните организации од областа на техничката култура.

- Материјални трошоци

Средствата за материјални трошоци за реалните потреби за остварување на програмските активности на носителите на јавни овластувања во техничката култура во Република Македонија за 2019 година се предвидува да се обезбедат од страна на носителите на работата.

**11. Државна награда „Гоце Делчев"**

Согласно Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/06, 54/07, 74/12 и 99/18) преку Министерството за образование и наука, во Република Македонија се доделува државната награда „Гоце Делчев", со која се оддава општествено признание за особено значајни остварувања од интерес за државата, во областа на науката. Во една календарска година се доделуваат најмногу три награди.

**12. Контрибуции-членарини во меѓународни организации**

Министерството за образование и наука преку уплатата на овие контрибуции-членарини во меѓународните организации обезбедува учество на наши научни институции да можат да конкурираат за добивање на проекти од меѓународен карактер.

**13. ЦЕЕПУС**

Ќе се подржува престојот на постдипломци, универзитетски професори во Република Македонија во рамките на ЦЕЕПУС програмата за 2019 година.

**14. Други расходи-исплата на експертски и советодавни тела, рецензии за проекти, наплата на фактури за објавени конкурси и други активности**

Се врши исплата на рецензии на научни работници кои извршиле рецензирање на нови проекти, годишни извештаи и завршни извештаи за национални и меѓународни проекти. Ќе се одвојуваат средства и за советодавни тела во областа на науката и др.

**Табела** Преглед на распределба на средства за научно-истражувачката дејност за 2019 година

## П Р Е Г Л Е Д
## НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА
## ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ОД ПРОГРАМАТА 7-НАУКА
## ПОТПРОГРАМА 71-НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ЗА 2019 ГОДИНА

| | | Б У Џ Е Т С К И С Т А В К И | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр. | А К Т И В Н О С Т И | 420-патни и дневни трошоци | 421-Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 423-Материјали и ситен инвентар | 424-Поправки и тековно одржување | 425-Договорни услуги | 426-Други тековни расходи | 464-Разни трансфери | РАСПОРЕД НА БУЏЕТ-2019 |
| 1 | Програма за развој и работа на јавни научни установи (научните институти),научно-истражувачки проекти, научно-иструвачка инфраструктура, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство, престој на странски научни истражувачи во Република Македонија | 0 | 100.000 | 100.000 | 100.000 | 200.000 | 0 | 0 | 500.000 |
| 2 | Научно-истражувачки проекти-факултети (национални ) | 0 | 100.000 | 100.000 | 100.000 | 200.000 | 0 | 0 | 500.000 |
| 3 | Научно-истражувачки проекти (билателарни) | 2.500.000 | 800.000 | 1.600.000 | 800.000 | 2.800.000 | 0 | 0 | 8.500.000 |
| 4 | Издавачка дејност (печатење на научни книги) | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| 5 | Организација на научни собири | 0 | 0 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| 6 | Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 |
| 7 | Студиски престои во странство и престој на странски научни работници во Република Македонија | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 8 | Објавување на научни трудови во странски научни списанија (со импакт фактор) | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.000.000 | 0 | 0 | 9.000.000 |
| 9 | Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на втор и трет циклус во земјата и странство:<br><br>- Стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа,<br><br>- Стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа,<br><br>- Еднократен надомест за одбрана на магистерски труд,<br><br>- Еднократен надомест за одбрана на докторски труд<br><br>- Стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката,<br><br>-Стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филм, филмска академија-Охрид<br><br>- Стипендии и уписнини за постдипломски студии по старотурски јазик | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.200.000 | 50.200.000 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка,<br><br>- Објавување на творечки субвенции за творечки дејности,<br><br>- стипендии за студии од втор и трет циклус на сдтудии на странски државјани кои престојуваат во Република Македонија по основ на билателарна и мултилатерална меѓународна соработка,<br><br>- Стипендии „Борис Трајковски,, за студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд,<br><br>- Стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата. | | | | | | | | |
| 10 | Програма за техничка култура | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 0 | 0 | 5.000.000 |
| 11 | Државни награди (награда Гоце Делчев) | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 500.000 | 800.000 |
| 12 | Контрибуција за разни членарини во меѓународни организации. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 | 0 | 7.000.000 |
| 13 | ЦЕЕПУС | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 300.000 | 500.000 |
| 14 | Други расходи исплата на експертски и советодавни тела, исплата на рецензенти, објавување на огласи, конкурски и други активности. | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 300.000 |
| | БУЏЕТ ЗА 2019 ГОДИНА | 7.500.000 | 1.000.000 | 4.800.000 | 1.000.000 | 20.000.000 | 7.000.000 | 51.000.000 | 92.300.000 |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11572/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**88.**

Врз основа на член 7 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16 и 64/18) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА 2019 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2019 година е изготвена согласно Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018), Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2002, 17/2003, 30/2004 и 66/2007) и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/2018).

Програма за поддршка на средното образование на Роми е целосно обезбедена согласно Стратегијата за Роми на Република Македонија 2014-2020 година и Националниот акционен план за образование 2016-2020 година.

Финансирањето на ученичките домови се врши согласно член 73 став 1 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018).

Во Република Македонија постојат 18 ученички домови, од кои четири ученички домови се наменети за ученици со посебни образовни потреби и тоа за ученици со оштетен вид, со оштетен слух и говор и ученици со пречки во развојот.

Сместувањето и исхраната на учениците во ученичките домови е организирано според Правилникот за начинот и постапката за прием на ученици во јавните ученички домови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2010, 49/2011, 50/2015, 59/2016 и 41/2017).

Во ученичките домови во Република Македонија сместување и исхрана користат околу 2.700 ученици. Месечната цена за сместување и исхрана, која што ја плаќа Министерството за образование и наука, за еден ученик од средното образование е 7.500 денари, за најмногу 10 месеци во годината.

Со оваа програма опфатени се следните видови на стипендии за ученици, и тоа:

1. стипендии за талентирани ученици-спортисти од средното образование со месечна стипендија од 2.970 денари за девет месеци во учебната година;

2. стипендии за ученици со посебни потреби од средното образование во износ од 2.750 денари за девет месеци во годината;

3. стипендии за социјална поддршка на ученици од средното образование во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;

4. стипендии за ученици-деца без родители од средното образование во износ од 2.750 денари за девет месеци во годината;

5. стипендии за талентирани ученици од средното образование со месечна стипендија од 2.970 денари за девет месеци во учебната година;

6. стипендии за ученици-деца на бранителите од средното образование, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2002, 17/2003, 3/2004 и 66/2007) по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука и добиваат износ од 2.420 денари за девет месеци во годината;

7. стипендии за ученици-деца на починатите припадници на Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи во хеликоптерската несреќа, по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука во износ од 2.420 денари за девет месеци во годината;

8. стипендии за ученици од средното образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичка во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;

9. стипендии за ученици Роми од средното образование од прва категорија со месечна стипендија во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;

10. стипендии за ученици Роми од средното образование од втора категорија со месечна стипендија во износ од 1.500 денари за девет месеци во годината;

11. стипендии за ученици Роми од средното образование од трета категорија со месечна стипендија во износ од 1.000 денари за девет месеци во годината;

12. стипендии за ученици Роми од средното образование од четврта категорија со месечна стипендија во износ од 1.000 денари за девет месеци во годината;

13. стипендии за ученици Роми од средното образование од петта категорија со месечна стипендија во износ од 600 денари за девет месеци во годината и

14. стипендии по други основи по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука.

Со Потпрограмата 50 - Ученички стандард согласно расположливите средства за 2019 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности, како и субвенционирање на музички инструменти за најдобрите ученици во завршните години од средното образование кои учат во државните средни музички училишта, покривање на трошоци за учениците и нивните ментори за учество на меѓународни научни олимпијади и покривање на трошоци за ученици кои ќе учествуваат на меѓународни школи за млади истражувачи.

Со Потпрограма 50, во 2019 година превидени се вкупно 50.000.000 денари за купување на мебел.

Со Потпрограмата ТИ - Реконструкција на ученички домови, предвидени се средства за реконструкција на ученички домови во износ од 30.000.000 денари.

Во Потпрограма 32 - Поддршка на средното образование на Ромите, согласно расположливите средства за 2019 година се планираат стипендии за ученици Роми од средното образование.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Македонија за 2019 година, вкупните финансиски средства од раздел 16001 - Министерство за образование и наука за Потпрограма 50 - Ученички стандард, Потпрограма 32 - стипендии за ученици Роми од средното образование и Потпрограмата ТИ - Реконструкција на ученички домови, се следните:

| Програма/ Потпрограма | Ставка | ОПИС | НАМЕНА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| **Програма 5** | | | **ВКУПНО:** | **306.300.000** |
| Потпрограма 50 | 421 | Стоки и услуги | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 500.000 |
| Потпрограма 50 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 300.000 |
| Потпрограма 50 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери, стипендии за поддршка на талентирани ученици, сместување и исхрана на ученици во ученички домови, субвенционирање на музички инструменти за најдобрите ученици, покривање на трошоци за учениците и нивните ментори за учество на меѓународни научни олимпијади и покривање на трошоци за ученици кои ќе учествуваат на меѓународни школи за млади истражувачи. | 255.000.000 |
| Потпрограма 50 | 480 | Капитални расходи | Купување на опрема и машини | 500.000 |
| Потпрограма 50 | 483 | Капитални расходи | Купување на мебел | 50.000.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма ТИ** | | | **ВКУПНО:** | **30.000.000** |
| Потпрограма ТИ | 482 | Капитални расходи | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ | 30.000.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма 32** | | | **ВКУПНО:** | **11.380.000** |
| Потпрограма 32 | 425 | Стоки и услуги | Договорни услуги | 200.000 |
| Потпрограма 32 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 200.000 |
| Потпрограма 32 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери | 10.980.000 |
| | | | | |
| | | | **СЕ ВКУПНО Програма 5, Потпрограма ТИ и Потпрограма 32:** | **347.680.000** |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11573/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**89.**

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16 и 64/18) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2019 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година е изготвена согласно Законот за студентскиот стандард, Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2002, 17/2003, 30/2004 и 66/2007) и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/2018).

Програмата за поддршка на високото образование на Роми е целосно обезбедена согласно Стратегијата за Роми на Република Македонија 2014-2020 година и Националниот акционен план за образование 2016-2020 година.

Финансирањето на студентските домови се врши согласно член 45 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016 и 64/2018).

Сместување и исхрана на студенти во Република Македонија се остварува во осум државни студентски домови, во три приватни студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив се сместуваат околу 5.550 студенти.

Сместувањето на студентите во студентските домови е регулирано со Правилникот за начинот на прием на студенти во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2013, 98/2013 и 130/2016).

Месечната цена за партиципација за сместување и исхрана, која ја плаќа Министерството за образование и наука изнесува 3.410 денари за еден студент, за најмногу 10 месеци во годината.

Министерството за образование и наука целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана во студентските домови во износ од 6.820 денари за еден студент за најмногу 10 месеци во годината и тоа за студенти кои се сместени во студентските домови, а се: деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца на невработени родители, деца на самохрани родители, деца на корисници на социјална помош и постојана парична помош и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Македонија. Бројот на овие студенти е најмногу до 40% од вкупниот број на расположливи места во студентските домови.

За студентите согласно CEEPUS програма, Министерството за образование и наука ги покрива трошоците за сместување и исхрана во студентски домови за времето на престој во Република Македонија. Цената за еден студент е 6.820 денари месечно.

Со оваа програма опфатени се следните видови на стипендии за студенти, како и останати права на истите:

1. стипендии „Прва група“ - стипендии за студенти од социјалните категории со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината;

2. стипендии „Втора група“:

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.50 за студентите запишани на техничките факултети и медицинските науки, а за студентите на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите да имаат постигнато најмалку 9,00 просечен успех, со месечна стипендија од 4.400 денари за девет месеци во годината и

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината.

3. стипендии „Трета група“:

- стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината и

- стипендии за студенти кои се запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија, од научното подрајче на природно-математиките науки, на студиски програми по математика, хемија или физика, со месечна стипендија од 18.000 денари за девет месеци во годината.

4. стипендии за студенти - деца на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2002, 17/2003, 30/2004 и 66/2007), со месечна стипендија од 3.993 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

5. стипендии за студенти - деца на починатите припадници на Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи во хеликоптерската несреќа, по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука со месечна стипендија од 3.993 денари за девет месеци во годината;

6. 25 стипендии за најдобрите студенти запишани на додипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со месечна стипендија од 5.150 денари за девет месеци во годината;

7. стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовани установи во Република Македонија;

8. стипендии за редовни студенти од прва година запишани на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, кои биле корисници на стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

9. стипендии за студенти запишани на еден од првите сто рангирани универзитети, односно првите двесте рангирани универзитети од областа на техничките науки според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Цио Тонг универзитет. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

10. стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во прва година на Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка на студии од областа на филмската и музичката уметност која е од посебно научно и образовно значење за Република Македонија. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

11. стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

12. стипендии за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот полуостров, со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

13. стипендии за студенти од други држави, кои одлично го познаваат англискиот јазик и ќе студираат на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид, а потекнуваат од: САД, Организација на Американски Држави (ОАС), Француска Република, Австрија, Германија, Полска, Чешка, Словачка, Кина, Русија, Украина, Унгарија, Шведска, Данска, Норвешка, Литванија, Латвија, Естонија, Финска, Монголија, Индија, Индонезија, Египет, Мароко, Казахстан, Португалија, Кипар, Шпанија, Ерменија, Белорусија, Тајланд, Израел, Јордан, Грузија, Романија, Грција (согласно листата на земји која ја изготвува Министерството за надворешни работи), со месечна стипендија од 5.000 денари месечно за девет месеци во годината, трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, за 10 месеци годишно, како и за месеците јули и август доколку не замине во матичната држава, како и бесплатно школување, трошоци за виза, трошоци за дозвола за престој, примарно здравствено осигурување и повратен авионски билет;

14. стипендии за студенти од Француска Република, Австрија, Германија, Полска, Чешка, Словачка, Кина, Русија, Украина, Унгарија, Шведска, Данска, Норвешка, Литванија, Латвија, Естонија, Финска, Монголија, Индија, Индонезија, Египет, Мароко, Казахстан, Португалија, Кипар, Шпанија, Ерменија, Белорусија, Тајланд, Израел, Јордан, Грузија, Романија, Грција и Организација на Американски Држави (ОАС) (согласно листата на земји која ја изготвува Министерството за надворешни работи), со месечна стипендија од 5.000 денари месечно за девет месеци во годината, а доколку не замине во матичната држава и до 12 месеци во годината; трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, за 10 месеци годишно, како и за месеците јули и август доколку не замине во матичната држава; бесплатно школување на македонски јазик на државните универзитети во Република Македонија, трошоци за виза, трошоци за дозвола за престој, примарно здравствено осигурување, повратен авионски билет, како и месечен автобуски билет во местото на школување доколку има организиран јавен превоз;

15. стипендии за студенти од странство кои се од интерес на државата, за изучување на македонскиот јазик и писмо и/или англискиот јазик преку посета на обуки/курсеви на некој од државните универзитети во траење од 1 до 3 месеци, со месечна стипендија од 5.000 денари, трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, како и бесплатна обука/курс за изучување на јазик, трошоци за дозвола за престој, примарно здравствено осигурување и повратен авионски билет;

16. стипендии по други основи.

Со Програмата 6 - Студентски стандард согласно расположивите средства за 2019 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности (субвенционирање на музички инструменти за најдобрите студенти, патување за најдобрите студенти од првите три најдобро рангирани високообразовни установи во Република Македонија, рангирани согласно со Законот за високото образование, покривање на трошоци на студенти за учество на меѓународни студентски натпревари во знаење).

Во Потпрограма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови се планира продолжување со реконструкција на дел од студентските домови.

Со Потпрограма 11 - Декада на Ромите, согласно расположливите средства за 2019 година се планираат стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Македонија за 2019 година вкупните финансиски средства од раздел 16001 - Министерство за образование и наука за Програма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови и Потпрограма 11 - Декада на Ромите, се следните:

| Програма/ Потпрограма | Ставка | ОПИС | НАМЕНА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| **Програма 6** | | | **ВКУПНО:** | **598.300.000** |
| Потпрограма 60 | 420 | Стоки и услуги | Патни и дневни расходи | 5.000.000 |
| Потпрограма 60 | 421 | Стоки и услуги | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 3.000.000 |
| Потпрограма 60 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 300.000 |
| Потпрограма 60 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери, стипендии за студенти, партиципација за сместување и исхрана на студенти во студентски домови | 555.000.000 |
| Потпрограма 60 | 482 | Капитални расходи | Други градежни работи | 30.000.000 |
| Потпрограма 60 | 483 | Капитални расходи | Купување на мебел | 5.000.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма ТК** | | | **ВКУПНО:** | **244.294.000** |
| Потпрограма ТК | 482 | Капитални расходи | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ | 244.294.000 |
| | **Ставка** | **ОПИС** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС** |
| **Потпрограма 11** | | | **ВКУПНО:** | **10.760.000** |
| Потпрограма 11 | 424 | Стоки и услуги | Поправки и тековно одржување | 60.000 |
| Потпрограма 11 | 425 | Стоки и услуги | Договорни услуги | 4.500.000 |
| Потпрограма 11 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 350.000 |
| Потпрограма 11 | 464 | Субвенции и трансфери | Разни трансфери, стипендии за студенти роми од прв циклус на студии | 5.850.000 |
| | | | | |
| | | | **СЕ ВКУПНО Програма 6, Потпрограма ТК и Потпрограма 11:** | **853.354.000** |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11574/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски**, с.р.

**90.**

Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2019 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2019 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од надоместоците утврдени со член 162 од Законот за животната средина, во износ од 98.000.000,00 денари.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на Јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, со склучување на договори за доделување на средства. Доделувањето на средствата ќе биде врз основа на дефинирани критериуми кои ќе го земат во предвид и критериумот за рамномерен регионален развој, согласно степенот на развиеност на планските региони во Република Македонија, утврдени во Јавниот конкурс.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се наменат за поддршка на мерки и активности за намалување на загадување на воздухот со спроведување на постапка за јавна набавка.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Изработка на техничка документација и изградба на канализациони системи и системи за одведување и пречистување на отпадни води во износ од 53.000.000,00 денари;

2. Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност во износ од 2.000.000,00 денари;

3. Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000,00 денари;

4. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 4.000.000,00 денари;

5. Поддршка на мерки и активности за намалување на загадувањето на воздухот во Република Македонија во износ од 10.000.000,00 денари;

6. Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање за 2016, 2017 и 2018 година во износ од 18.000.000,00 денари и

7. Трошоци за спроведување на програмата во износ од 3.000.000,00 денари.

V

(1) Средствата од дел II став 1 на оваа програма врз основа на поднесено и одобрено барање можат да се користат од следните субјекти:

1) Општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје за намени од дел IV точка 1 на оваа програма;

2) Правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни институции за намени од дел IV точки 2, 3 и 4 на оваа програма.

(2) Средствата од дел IV точка 5 на оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

(3) Средствата од дел IV точка 6 на оваа програма ќе се реализираат согласно Договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2016, 2017 и 2018 година.

(4) Средствата од дел IV точка 7 на оваа програма ќе се реализираат за исплата на трошоци за стоки и услуги за спроведување на оваа програма.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;

2) Закуп на постојни згради;

3) Трошоци направени пред 1 Јануари 2019 година;

4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;

5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од Програмата;

6) Општи и административни трошоци на апликантот;

7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции, и останати чисто финансиски трошоци;

8) Законските обврски, казни и пенали и

9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11575/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**91.**

Врз основа на член 76-а став (7) од Законот за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 149/15 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА МОНИТОРИНГ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ ЗА 2019 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се врши мониторинг на безбедноста на храната за животни заради откривање на присуство на резидуи, контаминенти и недозволени или непожелни супстанции, суровини и производи во храната за животни.

Член 2

(1) Цел на оваа програма е утврдување на одредени несообразности во однос на прописите за безбедност на храната за животни. Оваа програма се применува во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, со исклучок на примарното производство на храна за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе за сопствени потреби во домаќинството.

(2) Со оваа програма ќе се спроведат триста педесет и едно аналитичко испитување, за утврдување на микробиолошката исправност на храната за животни, одредување на нивото на непожелни супстанции во храната за животни и утврдување на присуството на забранети супстанции во храната за животни согласно Правилникот за општи и посебни барања за безбедност на храна за животни, Правилникот за листа на непожелни супстанции во храната за животни и максимално дозволено ниво како и критичните точки за спроведување на истражување за идентификација на изворот и причините за пречекорување на максимално дозволеното ниво, Правилникот за начинот и постапката на земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни и Листата на суровини, материјали и други производи чие ставање во промет и употреба се забранети.

(3) Земање примероци и лабораториско испитување се врши за следните патогени агенси и супстанции/групи на супстанции:

1) Микробиолошки опасности (Salmonella);

2) Неоргански контаминенти и азотни соединенија;

3) Микотоксини;

4) Органохлорни соединенија (со исклучок на диоксини и полихлорирани бифенили);

5) Диоксини и полихлорирани бифенили;

6) Одобрени адитиви и

7) Контаминација со забранети животински протеини.

(4) Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата), мониторингот на безбедноста на храната за животни го спроведува согласно Планот за земање на примероци од храна за исхрана на животни кој е даден во Прилог и е составен дел на оваа програма. Бројот на примероци даден во Прилогот на оваа програма ќе биде поделен во подрачните единици на Агенцијата на месечно ниво, во согласност со бројот на животни кои се наоѓаат на територијата или на местото каде се произведува, односно увезува храната за животни.

(5) Средствата за реализација на оваа програма се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2019 година.

Член 3

(1) Храната за животни не треба да биде микробиолошки контаминирана. Цел е да се оцени контаминацијата на храната за животни со Salmonella spp.

(2) Мониторингот опфаќа собирање на податоци во врска со присуството на Salmonella spp. во храната за животни од животинско и од неживотинско потекло.

(3) Примероци за микробиолошко испитување се земаат од:

1) суровини од растително потекло како што се маслодајни растенија, маслодајни овошја и производи добиени од истите:

(а) кикирики и производи добиени од истите;

(б) семе од репка и производи добиени од истите;

(в) кокосов орев и производи добиени од истите;

(г) соја (зрна) и производи добиени од истите;

(д) семе од памук и производи добиени од истите;

(ѓ) сончогледово семе и производи добиени од истите;

(е) ленено семе и производи добиени од истите и

(ж) производи добиени од други маслодајни семиња.

2) суровини од животинско потекло:

(а) нус–производи од животинско потекло - преработени животински протеини;

(б) присуство на крвно брашно;

(в) чварки;

(г) рибино брашно;

(д) друга храна за животни која содржи рибино брашно и

(ѓ) други сурови материјали од животинско потекло.

3) крмни смеси за исхрана на живина и свињи.

(4) За поделба на примероците, треба да се пратат следните критериуми врз основа на ризик:

1) примероци од суровините за храна за животни се земаат од регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни за време на истоварот и складирањето и

2) за крмни смеси за исхрана на животните, примероците се земаат на крајот на производствениот процес или за време на складирањето во производствениот погон.

Член 4

(1) Земање примероци за испитување на присуство на неоргански контаминенти и азотни соединенија се врши од храна за животни која е идентификувана спо-

ред проценка на ризик. Опасностите од надминување на максимално дозволеното ниво на неоргански контаминенти и азотни соединенија во храната за животни можат да потекнуваат од контаминираните суровини за храна за животни или контаминацијата во текот на производствениот процес.

(2) При земање примероци за испитување на арсен треба:

1) бројот на примероци да биде поделен според рашироеноста на оператори со храна за животни на територијата.

2) Места за земање примероци се:

(а) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори со храна за животни кои користат рибино брашно за производство на храна за свињи, храна за кокошки (несилки) и храна за аквакултура;

(б) фарми за свињи и живинарски фарми (кокошки несилки) каде се употребува рибино брашно и

(в) рибници.

(3) При земање примероци за испитување на кадмиум треба:

1) примероците да се земаат од следните типови на храна за животни:

(а) храна за животни за преживни животни (говеда, овци и кози);

(б) фуражна храна за преживни животни (говеда, овци и кози);

(в) силажа и

(г) адитиви кои содржат цинк и фосфати (DCP/MCP).

2) бројот на примероци да биде поделен според бројот на животни на територијата и нивната категорија.

3) Места за земање примероци се:

(а) регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде што се произведува храна за преживни животни (говеда, овци и кози) и

(б) фарми за преживни животни (говеда, овци и кози).

(4) При земање примероци за испитување на жива треба:

1) примероците да се земаат од следните суровини за храна за животни и крмни смеси за исхрана на животните:

(а) крмна смеса наменета за аквакултура;

(б) храна за животни која содржи рибино брашно и

(в) суровини за храна за животни (рибино брашно).

2) земањето на примероци од храна за аквакултура да се подели според бројот на објекти за аквакултура кои се наоѓаат на територијата. Примероците од храна за животни која содржи рибино брашно треба да се поделат според бројот на свињи и живина кои се наоѓаат на територијата која претставува место каде најверојатно може да се најде рибиното брашно.

3) Места за земање примероци се:

(а) регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно за производство на храна за свињи и за кокошки несилки;

(б) регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно за производство на храна за аквакултура;

(в) фарми за свињи каде се употребува рибино брашно или храна за животни која содржи рибино брашно;

(г) живинарски фарми каде се употребува рибино брашно или храна за животни која содржи рибино брашно и

(д) рибници.

(5) При земање примероци за испитување на олово треба:

1) примероците да се земаат од следните суровини за храна за животни и крмни смеси за преживни животни (говеда и овци) и за живина:

(а) силажа;

(б) фуражна храна;

(в) минерални премикси и

(г) минерална храна за животни.

2) Места за земање примероци се:

(а) фарми за говеда каде се употребуваат силажа и фуражна храна;

(б) фарми за кокошки несилки и

(в) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни.

(6) При земање примероци за испитување на нитрити треба:

1) примероците да се земаат од силажа и

2) при поделбата на земањето на примероци се земаат во предвид фармите каде се користи силажата заедно со бројот на животни на територијата.

3) Места за земање примероци се:

(а) фарми за млечни крави и

(б) фарми за крави наменети за комбинирано производство (млеко и месо).

Член 5

(1) Земање примероци заради утврдување на присуство на микотоксини во храната за животни се врши за да се утврди нивото на контаминација на храната за животни во однос на географската местоположба и типот на храната за животни.

(2) Мониторингот треба да се врши низ целиот ланец на производство, имајќи го во предвид различното развивање на токсините на нива и на местото на складирање.

(3) Главни цели на мониторингот се:

1) да се утврди усогласеност на храната за животни со законските барања за безбедност на храната за животни и

2) да се спроведат контроли низ целиот ланец на производство.

(4) Мониторингот ја опфаќа храната (крмните смеси) за исхрана на фармски одгледуваните животни.

(5) Примероци се земаат од следната храна за животни:

1) суровини за храна за животни кои се складирани долго време (пченка и производи добиени од пченка, пченица, јачмен, сирак, други житарки, маслодајни растенија и маслодајни овошја и производи добиени од истите), кикирики и производи добиени од истите, сончогледово семе и производи добиени од истите, семе од памук и производи добиени од истите, соја (зрна) и производи добиени од истите. Најдобро е да се мострираат пратките кои долго се складирани;

2) крмни смеси за исхрана на млечни крави;

3) крмни смеси за исхрана на други млечни животни и

4) крмни смеси за исхрана на свињи.

(6) Земањето примероци се врши на следните локации:

1) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни, со посебно внимание на фазите на складирање, транспорт и дистрибуција на храната за животни вклучени во бизнисот со храна за животни и

2) фарми.

(7) Примероците по можност треба да се земаат:

1) кога храната за животни е целосно мувлосана или доколку мувлата е содржана во една од најважните суровини за храна за животни кои се користат и

2) кога се забележани промени во производството или во голем процент во здравствениот статус на стадото без некои посебни причини.

Член 6

За испитување на органохлорни соединенија треба да се земаат примероци од:

1) следните суровини за храна за животни и крмни смеси за животни:

(а) рибино брашно;

(б) масти и масла од животинско потекло и

(в) храна за животни за кокошки несилки, аквакултура и млечни крави.

2) Места за земање примероци се:

(а) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно, масти и масла од животинско потекло;

(б) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни каде се произведува храна за исхрана на кокошки несилки, млечни крави и аквакултура;

(в) фарми за млечни крави или комбинирано производство (млеко и месо);

(г) живинарски фарми;

(д) рибници и

(ѓ) ветеринарно инспекциско место на граничен премин (увоз на храна за животни).

Член 7

(1) За одредување на присуството на диоксин (збир од полихлорирани дибензо-пара-диоксини (ПДПДи) и полихлорирани дибензофурани (ПХДФи) и збир од диоксини и полихлорирани бифенили слични на диоксин (збир од полихлорирани дибензо-пара-диоксини (ПДПДи) и полихлорирани дибензофурани (ПХДФи), кои се дадени во Прилог 1 од Правилникот за листата на непожелни супстанции во храната за животни и максимално дозволено ниво како и критичните точки за спроведување на истражување за идентификација на изворот и причините за пречекорување на максимално дозволеното ниво, одреден дел од примероците треба да се земат од ризичната група на суровини за храна за животни, особено од увезената, како што се мастите и маслата.

(2) Одреден дел од примероците треба да се земат од ризичната група на суровини за храна за животни, особено од увезената, како што се мастите и маслата.

(3) Примероци се земаат од:

1) суровини за храна за животни:

(а) производи од животинско потекло, вклучувајќи млеко во прав и производи од јајца;

(б) животински масти;

(в) рибино масло;

(г) рибино брашно;

(д) житни култури и производи добиени од житни култури;

(ѓ) маслодајни растенија и маслодајни овошја и производи добиени од истите и

(е) минерали.

2) адитиви на храна за животни и премикси:

(а) елементи во трагови;

(б) врзувачи и

(в) агенси против стврднување.

3) крмни смеси за исхрана на фармски одгледувани животни.

(4) Посебно внимание треба да се обрне на контролата на додатоците на храна за животни, со цел да се спречи диоксините да дојдат во крмните смеси. Според тоа 60% од примероците треба да се земат од ризичните групи на суровини за храна за животни (увезени масти и масла и производи добиени од нив), а 40% од крмните смеси за фармски одгледуваните животни.

(5) Примероците треба да се земат од:

1) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни:

(а) складирање на суровини за храна за животни;

(б) објекти за преработка на масти и масла во кои се произведува храна за животни (масти, масла и производи добиени од истите);

(в) објекти за сушење на храна за животни;

(г) објекти во кои се произведуваат адитиви и премикси и

(д) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни во кои се произведува храна за животни за ставање во промет, а кои користат ризични групи на суровини за храна за животни;

2) фармери и

3) ветеринарно инспекциско место на граничен премин (увоз на храна за животни).

Член 8

(1) Кокцидиостатиците/хистомоностатиците и медицираните премикси треба правилно да се употребуваат во храната за животни за да се спречи антибиотската резистенција, присуството на опасни резидуи во храната од животинско потекло и негативните ефекти врз здравјето на луѓето и животните.

(2) Примероци се земаат од:

1) крмни смеси за исхрана на животните кои се користат за производство на храна за луѓе со посебен фокус на храната за животни вклучени во континуирано производство на храна (риби, кокошки несилки молзење и гоење);

2) медицирана храна за животни и

3) храна за животни со кокцидиостатици/хистомоностатици.

(3) За откривање на вкрстена контаминација, треба да се земат примероци од првата серија на храна за животни произведена по производството на медицирана храна.

(4) Бројот на примероци треба да се подели на 60% за регистрираните и/или одобрените објекти и оператори за храна за животни и 40% од фармите.

(5) За поделба на примероците, треба да се пратат следните критериуми (високо ризични активности):

1) само една линија на производство со неколку формулации/активности;

2) претходно откриени несообразности;

3) недостаток на соодветни процедури за чистење на просториите, опремата и транспортните средства;

4) недостаток на соодветен систем за контрола на прашината во делови каде се одвива производството;

5) одобрени објекти и оператори за храна за животни кои произведуваат неколку типови на храна за животни за различни видови животни, со и без кокцидиостатици или други лекови;

6) фарми со голем број на животни;

7) фарми со животни на различна возраст или со различни видови животни во исто време и

8) фарми во кои се користат ветеринарно медицински препарати или медицирана храна за животни.

(6) Супстанциите кои треба да се проверат во примероците од храна за животни треба да се одберат од страна на официјалниот ветеринар, врз основа на:

1) активната супстанција/и која е означена на етикетата;

2) регистарот на производство и

3) ветеринарните рецепти на ниво на фарма.

Член 9

(1) За да не дојде до појава на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии кај преживните животни, исхраната на преживните животни не треба да се врши со храна за животни која содржи материјали од цицачи кои се забранети да се користат во исхраната на преживните животни.

(2) Предмет за земање примероци се:

1) крмни смеси за исхрана на преживни животни;

2) рибино брашно и

3) преработени протеини од животинско потекло.

(3) Целни места за земање примероци, поради тоа што претставуваат критични точки за контаминација со забранети животински протеини, што вклучува активности со висок ризик, се:

1) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни, и тоа:

(а) објекти за производство на крмни смеси за исхрана на преживни и непреживни животни;

(б) видови на производство кои се најпогодни за контаминација (пр. производство на храна за животни за непреживни животни која содржи преработени протеини од животинско потекло како рибино брашно или животински масти);

(в) објекти за производство на храна за животни или суровини кои содржат голем процент на протеини и

(г) потенцијална неефикасност на системот за сопствена контрола на објектот, особено во однос на контролата на вкрстена контаминација и правилното мешање на состојките. Вниманието, исто така, треба да се насочи и кон системот за складирање и транспорт на производите, претходно утврдените несообразности поради не следење на правилата за превенција на Спонгиоформни енцефалопатии кај говедата;

2) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни:

(а) каде се складира голема количина на непакувана храна за животни и

(б) објекти во кои се складира храна за животни со висока содржина на протеини.

3) фарми:

(а) со повеќе од 100 грла;

(б) одгледување на преживни животни заедно со свињи или живина (ризик од вкрстена контаминација);

(в) купување на храна за животни во рефус;

(г) употреба на храна за животни со висока содржина на протеини;

(д) употреба на органски ѓубрива кои содржат преработени животински протеини и

(ѓ) потенцијална неефикасност на системот за сопствена контрола на објектот, особено во однос на контролата на вкрстена контаминација и правилното мешање на состојките и

4) пратки на храна за животни од увоз.

Член 10

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

Член 11

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11576/1-18 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**Прилог: План за земање на примероци од храна за исхрана на животни**

| Група | Вид храна за животни | Места за земање примероци | Број на примероци |
|---|---|---|---|
| **Микробиолошки опасности Salmonella spp.** | 1. Суровини од растително потекло<br>2. Суровини од животинско потекло<br>3. Крмни смеси за живина и свињи | Регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни | 100 |
| **Неоргански контаминенти и азотни соединенија** | За испитување на арсен:<br>- храна за свињи, храна за кокошки (несилки) и храна за аквакултура која содржи рибино брашно | Регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно за производство на храна за свињи, за кокошки несилки, за аквакултура, фарми за свињи и живинарски фарми (кокошки несилки) каде се употребува рибино брашно и рибници | 15 |
| | За испитување на кадмиум:<br>- храна за преживни животни (говеда, овци и кози);<br>- фуражна храна за преживни животни (говеда, овци и кози);<br>- силажа и<br>- адитиви кои содржат цинк и фосфати (DCP/MCP). | Регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде што се произведува храна за преживни животни (говеда, овци и кози) и фарми за преживни животни (говеда, овци и кози). | 10 |
| | За испитување на жива:<br>- крмна смеса наменета за аквакултура;<br>- храна за животни која содржи рибино брашно и<br>- суровини за храна за животни (рибино брашно) | Регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно за производство на храна за свињи и за кокошки несилки, регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно за производство на храна за аквакултура, фарми за свињи каде се употребува рибино брашно или храна за животни која содржи рибино брашно, живинарски фарми каде се употребува рибино брашно или храна за животни која содржи рибино брашно и рибници | 10 |
| | За испитување на олово:<br>- силажа;<br>- фуражна храна;<br>- минерални премикси и<br>- минерална храна за животни. | Фарми за говеда каде се употребуваат силажа и фуражна храна, фарми за кокошки несилки и регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни. | 15 |
| | За испитување на нитрити:<br>- примероци се земаат од силажа | Фарми за млечни крави или за комбинирано производство (млеко и месо) кои користат силажа | 10 |
| **Микотоксини** | 1. Суровини за храна за животни кои се складирани долго време (пченка и производи добиени од пченка, пченица, јачмен, сирак, други житарки, маслодајни растенија и маслодајни овошја и производи добиени од истите, кикирики и производи добиени од истите, сончогледово семе и производи добиени од истите, семе од памук и производи добиени од истите, соја (зрна) и производи добиени од истите)<br>2. Крмни смеси за исхрана на млечни крави;<br>3. Крмни смеси за исхрана на други млечни животни и<br>4. Крмни смеси за исхрана на свињи | Регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни и фарми. | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Органохлорни соединенија (со исклучок на диоксини и полихлорирани бифенили)** | 1. Рибино брашно;<br>2. Масти и масла од животинско потекло<br>3. Храна за животни за кокошки несилки, аквакултура и млечни крави | Регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно, масти и масла од животинско потекло, регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни каде се произведува храна за кокошки несилки, млечни крави и аквакултура, фарми за млечни крави или комбинирано производство (млеко и месо), живинарски фарми, рибници и ветеринарно инспекциско место на граничен премин (увезена храна за животни). | 46 |
| **Диоксини и полихлорирани бифенили** | 1. Суровини за храна за животни:<br>- производи од животинско потекло, вклучувајќи млеко во прав и производи од јајца;<br>- животински масти;<br>- рибино масло;<br>- рибино брашно;<br>- житни култури и производи добиени од житни култури;<br>- маслодајни растенија и маслодајни овошја и производи добиени од истите и<br>- минерали.<br>2. Адитиви на храна за животни и премикси и<br>3. Крмни смеси за исхрана на фармски одгледувани животни. | Регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за складирање на суровини за храна за животни, објекти за преработка на масти и масла во кои се произведува храна за животни (масти, масла и производи добиени од истите, објекти за сушење на храна за животни, објекти во кои се произведуваат адитиви и премикси и регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни во кои се произведува храна за животни за ставање во промет, а кои користат ризични групи на суровини за храна за животни, фармери и ветеринарно инспекциско место на граничен премин (увезени масти и масла и производи добиени од истите). | 20 |
| **Одобрени адитиви** | 1. Крмни смеси за исхрана на животните кои се користат за производство на храна за луѓе, со посебен фокус на храната за животни вклучени во континуирано производство на храна (риби, кокошки несилки, молзење и гоење);<br>2. Медицирана храна за животни и<br>3. Храна за животни која содржи кокцидиостатици/хистомоностатици | Одобрени објекти и оператори за храна за животни кои произведуваат неколку типови на храна за животни за различни видови животни, со и без кокцидиостатици или други лекови, фарми со голем број на животни, фарми со животни на различна возраст или со различни видови животни во исто време и фарми во кои се користат ветеринарно медицински препарати или медицирана храна за животни | 25 |
| **Контаминација со забранети животински протеини** | 1. Крмни смеси за исхрана на преживни животни;<br>2. Рибино брашно и<br>3. Преработени протеини од животинско потекло. | Регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни за производство на крмни смеси за исхрана на преживни и непреживни животни кои се најпогодни за вкрстена контаминација, регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни каде се складира голема количина на непакувана храна за животни, објекти во кои се складира храна за животни со висока содржина на протеини, фарми и ветеринарно инспекциско место на граничен премин. | 20 |

**92.**

Врз основа на член 218 став (1) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно член 212 од Законот за водите и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кој имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење, хидрогеолошки и други истражувања, подготовка на и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, преземање на мерки за извршување на определени работи за заштита од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување.

II

Средствата за извршување на работите наведени во дел I на оваа програма, кои се утврдени во членовите 206, 213, 214 и 215 согласно Законот за водите ќе се остварат од следните извори:

| Изворни приходи | |
|---|---|
| 1. | **Надоместок за користење на водите од:** |
| 1.1 | Правни лица кои произведуваат електрична енергија од хидроелектрични централи за секој произведен киловат час 1,0% од производната цена |
| 1.2 | Правни лица кои произведуваат електрична енергија од термоелектрични централи за секој произведен киловат час 0,5% од производната цена |
| 1.3 | Правни лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за консумирање, за секој употребен или искористен метар кубен искористена вода-2% од утврдената цена од давателот на услугата |
| 1.4 | Правните или физички лица, кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за комерцијални цели (флаширање на вода) 0,5% од продажната цена на производот |
| 1.5 | Правните или физички лица, кои користат вода за производство на храна , пијалоци и технолошки потреби - 2% од цената на метар кубен искористена вода во јавниот водоснабдителен систем |
| 1.6 | Правни и физички лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем на геотермални води 7 денари од утврдената цена за метар кубен искористена вода |

| | |
|---|---|
| 1.7 | Правните или физички лица, кои користат вода за одгледување на риби, во рибници и во кафези и водни птици- 3% од продажна цена на килограм риба, односно птици |
| 1.8 | Правни и физички лица кои користат вода за наводнување - 2% од утврдена цена на метар кубен од за хектар земјиште |
| 1.9 | Правни и физички лица кои користат вода за одводнување -1% од утврдена цена на метар кубен од давателот на услугата |
| 1.10 | Правни и физички лица кои користат вода за миење и сепарирање на песок, чакал и камен - 2% од цената на метар кубен сепариран материјал. |
| 2. | **Надоместок за испуштање на води од:** |
| 2.1 | Правни и физички лица кои испуштаат непречистени отпадни води и води со променливи својства и отпадни материи и супставнции во реципиентите, а немаат уреди за прочистување - 1% од утврдената цена за собирање и третман на отпадни води |
| 3. | **Надоместок за вадење песок, чакал и камен од:** |
| 3.1 | Правни и физички лица кои со дозвола вадат песок, камен и чакал од коритата и бреговите на водотеците, езерата, акумулациите, пороите и другите површински водни тела, и површините кои во катастарот за недвижности се заведени „под води“ - 7% од цената на метар кубен изваден песок, камен и чакал |
| 4. | **Закупнина на државно земјиште дадено под закуп, што во катастарот на недвижности се води „под води”** |
| 5. | **Средства од Буџетот на РМ (трансфер)** |
| 6. | **Буџетите на општините, општините во Градот Скопје, Градот Скопје** |
| 7. | **Други приходи во согласност со закон** |

III

Вкупно планираните средства во оваа програма ќе се распределуваат спрема определените проценти по намени согласно член 212 став (6) од Законот за водите и тоа како следи:

| | Намена | % | Планирани средства во (денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | - Проектирање и изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти<br>- Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода | | 14.000.000,00<br>6.000.000,00 |
| 2. | Методологија за пресметување на единицата на штетност согласно со количината на испуштената вода и видот и количината на отпадните материи и супстанции што се испуштаат во површинските и подземните води. | | 1.080.000,00 |
| 3. | Набавка на хемикалии и одржување на системот за спроведување на мониторинг на Југохром | | 7.900.000,00 |
| 4. | Исплата на заостанати долгови по склучени договори од Програмата за води за 2018 година. | | 29,020.000,00 |
| 5. | Трошоци за спроведување на програмата | | 1.200.000,00 |
| | ВКУПНО | | 59.200.000,00 |

IV

Средствата од дел III точка 1 алинеа 1 од оваа програма ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за „Изградба на нови и одржување и унапредување постојните јавни водоснабдителни објекти“.

Барање може да поднесат единиците на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија најдоцна до 1.5.2019 година. Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- Дозвола за користење на вода;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа и
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина.
- Документ за исправност на водата за пиење

Средствата од дел III точка 1 алинеа 2 од оваа програма ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за „Регулација на водотеци ”.

Барање може да поднесе единица на локална самоуправа и водостопанство надлежни за реализација на овие проекти најдоцна до 1.5.2019 година. Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- Водостопанска согласност;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа и
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина.

V

Средствата од дел III точка 1 алинеа 1 од оваа програма се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа системот

| | |
|---|---|
| - Урбана средина | 5 бода |
| - Рурална средина | 10 бода |

Б) Досегашен начин на водоснабдување на населението

| | |
|---|---|
| - Од водоводна мрежа | 5 бода |
| - Од јавна чешма | 15 бода |
| - Од бунари | 10 бода |
| - Останато | 10 бода |

В) Финансиско учество на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија во изградбата на системот за водоснабдување.

| | |
|---|---|
| - > 25% | 10 бода |
| - 25-50% | 20 бода |

Средствата од дел III точка 1 алинеа 2 од оваа програма се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа водотекот

| | |
|---|---|
| - Урбана средина | 5 бода |
| - Рурална средина | 10 бода |

Б) Ризик од поплави

- Евидентирана поплави во последните три години 20 бода
- Евидентирани поплави пред повеќе од три години 15 бода

В) Финансиско учество при реализација на проектите за регулација

| | |
|---|---|
| - > 25% | 10 бода |
| - 25-50% | 20 бода |

VI

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат врз основа на претходно склучен Договор за доделување на средства, спроведена постапка за јавни набавки и уредна исплатна документација.

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 212 ставови (3) и (6) од Законот за водите, а ќе се реализираат во согласност со Законот за јавни набавки.

Средствата од дел III точка 3 од оваа програма ќе се користат врз основа на претходно склучен Договор за доделување на средства, спроведена постапка за јавни набавки и уредна исплатна документација.

VII

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11643/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**93.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2019 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните препријатија (во понатамошниот текст:МСП) во вкупен износ од 4.000.000,00 (четири милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, раздел 10001, програма 4, потпрограма 40 – Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (во понатамошниот текст: АППРМ), ставка 464.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа програма ќе се користат за следните намени:

1. Ваучерски систем на советување

Имплементација на ваучерски систем за советување за советодавни услуги кај 30 клиенти со цел давање поддршка на зајакнувањето на конкурентноста на постоечките мали и средни претпријатија и основање на нови претпријатија, ширење на ваучерскиот систем за советување како инструмент за подобрување на работењето на секторот на МСП и оддржување на веб страната за консултанти. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива преку организациите за деловна поддршка.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб страната на АППРМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми, како и повик до потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија за аплицирање на оваа програмска активност. При поддршката на потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност.

900.000 денари

2. Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги

Во рамките на регионалниот проект “Воспоставување и промоција на стандардизирани менторски услуги за мали и средни претпријатија во Западен Балкан“ фаза 2, поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) , во текот на 2019 година ќе бидат обучени дополнително седум нови ментори, кои заедно со веќе обучените ментори во 2018 година, ќе извршат

менторирање на 28 мали и средни претпријатија во согласност со Методологијата за стандардизирани менторски услуги наменети за поддршка на растот и развојот на МСП. Методологијата е дел од проектот и е утврдена од страна на Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) и се објавува сукцесивно во согласност со динамиката на активностите на проектот на веб страната на АППРМ – www.apprm.gov.mk.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб страната на АППРМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми, како и повик до ново - основаните МСП и МСП регистрирани повеќе од три години за аплицирање на оваа програмска активност.

1.200.000 денари

3. Кофинансирање на регионалниот проект "Алијанса на знаење во еко-иновативно претприемништво за потик на конкурентноста на МСП"

Проектот "Алијанса на знаење во еко-иновативно претприемништво за поттик на конкурентноста на МСП", во кој АППРМ учествува како проектен партнер ќе се реализира во рамките на Транснационалната програма за соработка ИНТЕРЕГ, "Балканско – медитеранска програма 2014-2020". Во текот на 2019 година ќе се организира еднодневен информативен настан за проектот, истражување, присуство на конференции согласно предвидените проектни активности.

100.000 денари

4. Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри

Поддршка на деловните центри во активностите поврзани со понатамошно функционирање на мрежа на центри и имплементација на програми за помош, информирање и советување на мали и средни претпријатија, со цел давање на информативна, промотивна, советодавна и логистичка поддршка на 400 МСП и потенцијалните претприемачи кои сакаат да се самовработат, како и дистрибуција на релевантни и корисни информации за МСП и потенцијалните претприемачи.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на јавен повик за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото објавен на веб страната на АППРМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми.

400.000 денари

5. Претприемачко образование

Реализирање на четири работилници за промоција на претприемништвото и подигање на свеста за претприемништвото кај младите луѓе, (со вкупен опфат на 100 учесници – ученици и студенти) како и развој на претприемачкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис.

200.000 денари

6. Организирање на обуки за подготовка на бизнис план

Организирање на осум обуки (со вкупен опфат од 200 учесници - ученици и студенти) на различни теми за подготовка на бизнис план, наменети за студенти и ученици од средните училишта. При организирањето на обуките ќе се води сметка за регионалната застапеност и ќе се организира по една обука во секој плански регион.

250.000 денари

7. Форум на добри практики за старт-ап фирми – примена

Организирање на форум на кој искусни претприемачи со успешен бизнис ќе го презентираат своето искуство во соочувањето со предизвиците од моментот кога го отвориле својот бизнис до моментот кога истиот станува самоодржлив. Целта на овој форум е да се охрабрат новите претприемачи да не се откажуваат во првите години од постоењето на нивните бизниси како и да се подигне нивната свест и самодоверба при менаџирање на претпријатието.

250.000 денари

8. Организирање на обуки за локални консултанти

Организирање на три обуки (со вкупен опфат од 75 учесници – локални консултанти) за здобивање на дополнителни знаења и вештини со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај малите и средните претпријатија изработени во регионов и во Република Македонија.

200.000 денари

9. Организирање на обуки за зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија

Организирање на четири обуки за малите и средните претпријатија (со вкупен опфат од 100 учесници – мали и средни претпријатија), со цел подигање на конкурентноста, зголемување на инвестициите за воведување на иновации и истражувачки активности, зајакнување на интернационализацијата, како и зголемување на капацитетите на вработените.

200.000 денари

10. Промоција на општествена одговорност и социјалното претприемништво

Организирање на две обуки за мали и средни претпријатија ( со вкупен опфат на 40 учесници-мали и средни претпријатија), за подигање на свеста за спроведување на општествено одговорни практики и покажување на интерес за подобро функционирање во насока на општествената одговорност, како и промоција на концептот за социјално претприемништво.

150.000 денари

11. Поддршка за женско претприемништво

Организирање на две обуки за жени претприемачи (со вкупен опфат на 40 учесници – жени претприемачи) согласно анализите за потреби од обуки подготвени на национално и регионално ниво. Целта на оваа

активност е да се подигне нивото на конкурентост кај веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи. На обуките ќе можат да присуствуваат и жени потенцијални претприемачи.

150.000 денари

Член 3

Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија до 31.1.2020 година, да достави извештај до Владата на Република Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кои ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11122/1-18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**94.**

Врз основа на член 26 став (5) од Законот за железничкиот систем(„Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 8.1.2019 година донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа програма се утврдува распределбата на средствата потребни за финансирање на железничката инфраструктура, кои се обезбедени во Разделот 130.01 Министерство за транспорт и врски, Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфрструктура, категорија 48 Капитални расходи, на ставката 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации средства во износ од 560.000.000 денари.

2. Средствата од точка 1 на оваа програма ќе се користат за следните намени:

**1. Машинско одржување на пруги и свртници 20.000.000 денари**

Машинско регулирање на 70 километри колосек и 50 парчиња свртници заради подобрувањена геометриските параметри на колосекот и свртниците во однос на стабилноста, смерот, надвишувањето и ширината на колосекот и свртниците со што се подобрува општата состојба на пругите и се обезбедува сигурен и безбеден железнички сообраќај и машинско планирање на толчаник-засторна призма на 121,8 километри колосек, заради оформување на толчаничката призма по ранг и категорија на пруга на пругите на територија на Република Македонија.

**2. Одржување на горен строј 92.878.278 денари**

Замена на дотраени дрвени и метални елементи на колосекот и свртниците, инвестиционо, тековно одржување и средни поправки на горен строј на пругите на територија на Република Македонија заради подобрување на геометриските параметри на колосекот и свртниците во однос на стабилноста, смерот, надвишувањето и ширината на колосекот и свртниците со што се подобрува вкупната состојба на пругите и се обезбедува сигурен и безбеден железнички сообраќај и тоа:

- Комплетна замена на шини со нови:

Комплетна замена на шини со нови ќе се изврши на изабаните шини во кривини заради подобрување на сигурноста на сообраќајот. Комплетна замена на шини со нови ќе се изврши на пругите на територија на Република Македонија во вкупна количина од 469 тони.

- Замена на колосечни дрвени прагови со нови:

Замената на колосечни дрвени прагови со нови ќе се изврши рачно и машински на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 6300 парчиња.

- Замена на колосечен прибор со нов:

Замена на колосечниот прибор со нов ќе се изврши рачно на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 40,37 тони.

- Замена на толчаник:

Замената на толчаник ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 8265 м³.

- Машинска измена на прагови со нови:

Машинска измена на прагови со нови ќе се изврши на пругите на територија на Република Македонија во количина од 1800 парчиња.

- Замена на комплет свртница (метал) со нов (без граѓа):

Замената на комплет свртница (метал ) со нова ќе се изврши на територија на Република Македонија во количина од 3 парчиња.

- Замена на метални делови на свртница со нови:

Замената на металните делови на свртница со нови ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 78,94 тони .

- Замена на свртнички дрвени прагови со нови:

Замената на свртничките дрвени прагови со нови ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина 181,71 м³.

- Замена на комплет свртница со нова (со граѓа).

Замената на комплет свртница со нова (со граѓа) ќе се изврши на на територија на Република Македонија во количина од 5 парчиња.

- Заварување на шини:

Заварувањето на шините ќе се изврши по замена на шини нови и половни и заварување на изолирани лепени состави на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 250 Алумино термитски (АТ вара).

- Лепење на изолиран состав на лице место:

Лепењето на изолирани лепени составi на лице место ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 35 парчиња.

- Замена на изолиран состав со нов:

Замена на изолирани лепени составi со нови ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 35 парчиња.

- Регулирање на колосек на класичен начин на отворена линија:

Регулирање на колосек на класичен начин на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Македонија во количина од 6000 метри.

- Регулирање на колосек на класичен начин на останични колосеци:

Регулирање на колосек на класичен начин на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Македонија во количина од 3000 метри.

- Собирање на стар толчаник:

Собирањето на толчаникот ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 12517 м³.

- Поправка на ширина на колосек на отворена линија:

Поправка на ширина на колосек на отворена линија ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 4635 парчиња.

- Поправка на ширина на колосек на станични колосеци:

Поправка на ширина на колосек на станични колосеци ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 2075 парчиња.

- Поправка на ширина на свртници:

Поправка на ширина на свртници ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 2925 парчиња.

- Регулирање на свртници на класичен начин на главни проодни колосеци:

Поправка на ширина на колосек на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Македонија во количина од 300 парчиња.

- Регулирање на свртници на класичен начин на останати колосеци:

Поправка на ширина на колосек на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Македонија во количина од 300 парчиња.

- Поправка на свртници:

Поправка на свртници ќе се изврши во количина од 480 парчиња на пругите на територија на Република Македонија.

- Одржување на железнички постројки – чистење на свртници:

Одржување на железнички постројки –чистење на свртници ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 2542 парчиња.

- Поправка на свртници:

Поправка на свртници ќе се изврши во количина од 480 парчиња на територија на сите пруги на Република Македонија.

- Замена на метални делови на свртница со половни:

Замена на метални делови на свртница со половни ќе се изврши во количина од 18,0 тони на свртниците на сите пруги на територија на Република Македонија.

- Замена на шини со половни:

Замена на шини со половни ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 323,83 тони.

- Замена на прагови со половни

Замена на праговите со половни ќе се изврши рачно и машински на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 2000 парчиња.

- Замена на колосечен прибор со половен:

Замена на колосечен прибор со половен ќе се изврши рачно и машински на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 55,86 тони.

- Замена на вметки (тополови и гумени ) на оворена линија:

Замена на вметки (тополови и гумени) на отворена линија ќе се изврши рачно на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 20000 парчиња.

- Замена на вметки (тополови и гумени) на станични колосеци:

Замена на вметки (тополови и гумени) на станични колосеци ќе се изврши рачно и машински на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 6000 парчиња

- Рачно чистење на вегетација на отворена линија:

Рачното чистење на вегетација на отворена линија ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 17500 м'.

- Рачно чистење на вегетација на станични колосеци:

Рачното чистење на вегетација на станични колосеци ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 10480 м'.

- Чистење на вегетација со хемиски средства на отворена линија:

Чистењето на вегетацијата со хемиски средства на отворена линија ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 65 часови.

- Чистење на вегетација со хемиски средства на станични колосеци:

Чистењето на вегетацијата со хемиски средства на станични колосеци ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 55 часови.

- Преместување на поедини елементи од горен строј на отворена линија и станични колосеци:

За сите горе наведени позиции од точка 2 одржување на горен строј (отворена линија и станични колосеци) на пругите на територија на Република Македонија ќе се користи механизација (ТМД, Грајфери и двонаменско патно-шинско возило Мерцедес Спринтер).

**3. Одржување на долен строј 42.451.722 денари**

Сечење на дрва и вегетација покрај пруга од лева и десна страна, кастрење на гранки од дрва покрај пруга од лева и десна страна, чистење на снег и мраз во тунели, чистење на снег и отпаден матерјал на свртници и станични колосеци, тековно одржување на канали, тековно одржување на нанос од канали, чистење на камени косини, усеци, засеци склони на паѓање, чистење

на земјани косини, усеци, засеци склони на паѓање ,одржување на опрема на линија, одржување на калдрма на патни премини и рампи, одржување на патни премини со дрвени прагови, рачно и машински со машина ровокопач Вениери 10.33, машина грајфер Геисмар КГТВ 4654 и машина грајфер Донели ДСФ 1500 кои ќе се вршат на пругите на цела територија на Република Македонија. Со оваа позиција се обезбедува видливост на пругата и светлосната сигнализација како и слободен проток на водата по штитните и одводни канали и пропусти.

**4. Одржување на електротехнички постројки 111.878.000 денари**

Одржувањето на електротехнички постројки вклучува одржување на сигнално сигурносните постројки, телекомуникациони, енергетски и постројки за електровлеча и тоа:

- Станични сигнално сигурносни постројки:

Секоја осигурана станица со електрорелејни системи се состои од:

релејни рамови со изведена инсталација за поврзување на релејни групи, комплетна гама на релејни групи, моторни релеа, шпуреви, напојни елементи, напојна ватоматика, фреквентни претворувачи, батериски претворувачи, претворувачи од КМ, стационарни акумулаторски единици со голем инсталиран капацитет, надворешна сигнална опрема, главни сигнали, маневраски сигнали, латерни, сигнални ормари, напојни и релејни глави, свртнички поставни справи.

- Сигнално сигурносни постројки на патни премини со полубраници, светлосна и звучна сигнализација подразбира:

Сигнална постројка за осигурување на патен премин во ниво со ( блок куќичка, поставни справи, надворешни сигнални елементи, електронски сигнални контакти, механички контакти, полубраници, електро релејни сигнални групи, напојни елементи, друмски сигнални знаци, железнички сигнални знаци)

- Сигнално сигурносни постројки на АПБ делници.

Сигнално сигурносни постројки со релејни рамови, блок куќичка, релејни групи, напојни елементи, пригушници, електронски контакти, сигнали и повторувачи на сигнали со задолжителна сигнална опрема .

- Електро енергетски постројки

Главни разводни и командни ормари и опрема за енергетско напојување во напонско ниво до 0,4 KV, дизел агрегати за резервно напојување, автоматика за пратење и вклучување на основни и резервни извори за напојување.

Енергетски постројки, мерно регулациона опрема за напонско ниво до 10 KV, трансформаторски постројки со раставувачка и заштитна опрема, енергетски кабли.

- Телекомуникациони постројки

Телефонски централи, високофреквентни уреди, оптички мултиплекс уреди со пристапна опрема IP, PBX и мрежна опрема, оптички и бакарни кабли и инсталации, пружна телефонија, видео надзор, радио станици, предаватели, антенски инсталации за радио станици, локални мрежи со свичеви и рутери.

- Постројки за електро влеча.

Електро влечни постројки со опрема за 110 KV, опрема за 25 KV, заштитни системи за диференцијална, дистантна, опрема за секционирање, прекинувачи, енергетски трансформатори во ЕВП, енергетски трансформатори за ПС и ПСН, мерно регулациони уреди за 110 KV, мерно регулациони уреди за 25 KV.

**5. Набавка на шини 14.800.000 денари**

Планирана е набавка на 4320 метри шини кои се неопходни за одржување на горниот строј на пругите , а ќе се изврши замена на надворешните шини во кривини кои се изабени повеќе од дозволените граници, а истите ја загрозуваат безбедноста во сообраќајот.

**6. Набавка на прагови 35.100.000 денари**

За извршување на поединечна замена на дрвените прагови на пругите на територија на Република Македонија во 2019 година потребно е да се набават 6300 парчиња букови колосечни прагови и 90m3 храстови свртнички прагови.

**7. Набавка на свртници и свртнички делови 17.532.000 денари**

Во текот на експлоатација се изабуваат металните делови на свртниците од триење со шинските возила. Кога изабеноста ќе ја достигне максималната дозволена вредност неопходно е истите да се заменат.

Од извршените прегледи и мерања е констатирано дека следната година треба да се заменат 3 (три) свртници S 49-300-6°, 2 (две) свртници S 45-200-6° и 4 (четири) полумењалици S 49-300-6°.

**8. Набавка на колосечен прибор 10.455.000 денари**

За извршување на поединечна замена на дрвените колосечни и свртнички прагови на пругите на територија на Република Македонија во 2019 година потребно е да се набават 45 000 парчиња тирфони (ДЖ-12), пластични L-профили за изолација на мостови 2 000 парчиња, меѓушински изолации за тип на шина S-49 (49E1) во количина од 1 000 парчиња , изолациони спојници за LAMIPER состави за тип на шина S-49 (49E1) во количина од 500 парчиња и завртки со навртки за свртници M 24 со различни должини во количина од 270 парчиња.

**9. Набавка на средство за уништување на вегетацијата 6.000.000 денари**

Заради обезбедување на видливоста на железничката сигнализација, зоната на видливост за друмските возила и пешаците на патните премини во ниво и да се спречат пожари предизвикани од искреење на возните и влечните средства, како и пожари предизвикани од трети лица потребно е набавка на 10000 литри средство за уништување на вегетацијата на пругите во близина на колосеците.

**10. Хидроизолација на железничка станица Скопје 15.000.000 денари**

Со изградбата на железничката станица Скопје во 1980 година е извршено делумно покривање со кров на армирано-бетонската станична конструкција на која се поставени колосеците и пероните.

Под конструкцијата се лоцирани службените станични простории (чекални, билетара, тоалети и канцеларии) Веќе подолго време проблем е што при врнежи и топење на снег во горенаведените простории тече вода од горната конструкција, особено од оштетените сливници и дилатациони фуги.

Со средства од ИПА направена е реконструкција на железничката станица Скопје но поради протекување на вода појавени се оштетувања на плафоните. Затоа е потребна изработка на хидроизолација на бетонските површини од станичната конструкција со санација на оштетените сливници и дилатациони фуги.

**11. Мониторинг и визуелна контрола на безбедноста на патниот и железничкиот сообраќај на патните премини на пругите 13.530.000 денари**

Со овој систем кој опфаќа надградба со видео надзор и мониторинг на 34 патни премини на коридор 8 и коридор 10 се зголемува безбедноста на патните премини, со зголемува контролата на осигураните патни премини и нивна поголема заштита од несреќи, кражби и оштетувања.

**12. Набавка на софтвер за информацијски систем за возен ред 5.000.000 денари**

Во текот на 2018 година преку финансиски средства од ИПА програмата беа модернизирани 10 железнички станици долж Коридорот 10 и 10д. Покрај другото, беше набавена и инсталирана хардверска опрема од сервери и монитори како информациски систем за патниците , но не беше предвиден и софтвер за да можат истите да функционираат. Заради тоа е потребно да изврши набавка на софтвер за информациски систем за возен ред.

**13. Проширување на пасивна оптичка мрежа 15.375.000 денари**

Со овој проект се предвидува довршување на пасивната оптичка мрежа, и на делницата на која нема положено оптички кабел односно помеѓу Гостивар и Кичево во должина од 35 км. Со тоа целосно ќе бидат поврзани сите службени места од Коридорот 8 кој е во функција со ТК центарот во Скопје, што ќе претставува основа за воведување на системите за сигнализација и телекомуникации со цел зголемување на безбедноста во железничкиот сообраќај.

**14. Екпропријација на коридор VIII 160.000.000 денари**

Со средствата од програмата треба да продолжи експропријацијата на замјиштето, објектите и насадите потребни за реализација на проектот за рехабилитација на пругата Куманово –Бељаковци по изработениот основен проект, изработениот елаборат за експропријација од 2013 додина, изработениот елаборат за дополнителната експропријација од 2017 година и извршената проценка, за експропријација на замјиштето, објектите и насадите по изработениот основен проект, изработениот елаборат за експропријација и извршената проценка на пругата Бељаковци-Крива Паланка , започнување на процесот за експропријација на пругата Крива Паланка –граница со Р.Бугарија. Средствата од програмата еднократно ќе бидат префрлени на наменска сметка на ЈП МЖ Инфраструктура отворена во деловна банка и истите ќе се користат континуирано во текот на годините се додека целоцно не се реализираат.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11114/1-8 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**95.**

Врз основа на член 10 став (5) од Законот за Математичко-информатичка гимназија („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/18), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА СО БРОЈОТ НА ОСВОЕНИ ПОЕНИ НА ПРИЕМНИОТ ИСПИТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА МАТЕМАТИЧКО - ИНФОРМАТИЧКАТА ГИМНАЗИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на потврдата со бројот на освоени поени на приемниот испит за запишување на Математичко-информатичката гимназија.

Член 2

Образецот на потврдата со бројот на освоени поени на приемниот испит за запишување во Математичко-информатичката гимназија се печати на хартија со бела боја, во формат А4 и е даден во прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Образецот на потврдата од членот 2 од овој правилник содржи: назив „ПОТВРДА со бројот на освоени поени на приемниот испит за запишување во Математичко-информатичката гимназија“, име, татково име и презиме на ученикот на кој му се издава потврдата, број на освоени поени по математика, број на освоени поени по физика, основот за издавање на потврдата, број, датум и место на издавање на потврдата, место за потпис на претседателот на стручниот тим и место за печат.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 18-82/1 | |
| 3 јануари 2019 година | Министер, |
| Скопје | **Арбер Адеми,** с.р. |

Прилог

П О Т В Р Д А

со бројот на освоени поени на приемниот испит за запишување во Математичко-информатичката гимназија

Се потврдува дека ученикот____________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

(име, татково име и презиме)

го положи приемниот испит и освои _______ поени по математика и _______ поени по физика, за запишување во Математичко-информатичката гимназија.

Потврдата се издава од стручниот тим формиран со Решение бр._______ од ___ . ___.20__ година од министерот за образование и наука и служи за запишување на ученикот во Математичко-информатичката гимназија.

___________ година Претседател на стручниот тим

С к о п ј е м.п ___________________________

**96.**

Врз основа на член 12 став (4) од Законот за Математичко-информатичка гимназија („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/18), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ВО МАТЕМАТИЧКО - ИНФОРМАТИЧКАТА ГИМНАЗИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето за доделување стипендија за ученици во Математичко-информатичката гимназија.

Член 2

Образецот на барањето за доделување стипендија за ученици во Математичко-информатичката гимназија се печати на хартија со бела боја во А4 формат и е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи назив „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА“, примено, датум и година, архивски број, наслов „БАРАЊЕ“ име и презиме на ученикот-кандидат, општина, ЕМБГ, приложена документација, место за потпис на приматели потпис на родител-старател.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 18-83/1
3 јануари 2019 година
Скопје

Министер,
**Арбер Адеми,** с.р.

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

| ПРИМЕНО .20__ година |
|---|
| Архивски број ________________________________ |

**БАРАЊЕ**

Од ________________________________________________од __________________
(име и презиме на ученикот-кандидат) (општина)

со ЕМБГ ____________________________________________________________

за доделување на стипендија.

Согласно електронската пријава на „Конкурсот за доделување стипендии за ученици од Математичко-информатичката гимназија за учебната 20__/20__ година“ приложувам испечатена Електронска пријава со идентификационен број од електронската пријава (ДА НЕ) и Изјава дека податоците во електронската пријава се идентични со податоците во доставената документација (ДА НЕ) и ги доставувам следните документи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Уверение за државјанство на Република Македонија | ДА НЕ |
| 2 | Потврда за редовен ученик во Математичко-информатичката гимназија | ДА НЕ |
| 3 | Заверени на нотар фотокопии од свидетелствата за завршена прва, втора и/или трета година на образованието | ДА НЕ |
| 4 | Изјава потпишана од родител/старател дека ученикот не е корисник на друга стипендија | ДА НЕ |
| 5 | Изјава од родителот/старателот за обработка и користење на неговите лични податоци и личните податоци на ученикот, со која кандидатот се сложува Министерството за образование и наука по службена должност да ги обезбеди потребните документи. | ДА НЕ |

**Документот под реден број 1 го обезбедува по службена должност овластеното службено лице од Министерството за образование и наука, кое ја води постапката за доделување на стипендија.**

Примил Родител – старател ______________________

______________________

**97.**

Врз основа на член 12 став (8) од Законот за Математичко-информатичка гимназија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/18), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНА СТИПЕНДИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО МАТЕМАТИЧКО-ИНФОРМАТИЧКАТА ГИМНАЗИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и поблиските критериуми за доделувањето на месечна стипендија на учениците запишани во Математичко-информатичката гимназија .

Член 2

За месечна стипендија може да конкурира редовен ученик запишан во Математичко-информатичката гимназија, согласно објавен Конкурс за доделување на стипендии на редовни ученици запишани во Математичко-информатичката гимназија и кој ги исполнува условите од член 12 ставови (1) и (3) од Законот за Математичко-информатичка гимназија.

Член 3

Од страна на Министерството за образование и наука се:

-врши прием и проверка на документацијата на кандидатите;

- изготвува конечен список на учениците на кои им се доделува месечна стипендија и истиот се објавува на интернет страницата на Министерството за образование и наука;

- доставува на одобрување до министерот за образование и наука конечниот список на кандидати на кои им се доделува месечна стипендија;

- известуваат сите кандидати по основ на изборот и

- решава во прв степен по жалби на учениците.

Член 4

Корисникот на стипендија ја користи стипендијата врз основа на склучен договор со Министерството за образование и наука, со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу давателот и корисникот на стипендијата.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 18-84/1
3 јануари 2019 година
Скопје

Министер,
**Арбер Адеми,** с.р.

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**98.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18) Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

Индексот на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари – декември 2018 година, во однос на просечните цени на мало во 2017 година, изнесува 2.7%.

Директор,
**Апостол Симовски,** с.р.

---

**99.**

Врз основа на член 44 став 1 од Законот на државната статистика („Службен весник на РМ“ бр.54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18) Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Индексот на трошоците на животот во Република Македонија во второто полугодие од 2018 година (период: јули-декември 2018 година), во однос на првото полугодие од 2018 година (период: јануари-јуни 2018 година), изнесува 0.7 %.

Директор,
**Апостол Симовски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2019005